СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Триесеттата  и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 декември 1995 година

Скопје, декември 1995 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 32 -та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 21.XII. 1995 г.**

Дискутанти :


1. АНДОВ СТОЈАН - 15, 16, 17, 18.( вод.с)
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 67
3. АБДИ ФАИК - 89, 60
4. АТАНАСОВ ЃОРЃИ - 17
5. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 21, 23, 72
6. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 74
7. ДИМОВ ЛАЗАР - 46
8. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 53, 54, 55
9. ИВАНОВ МИРКО – 28
10. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 37
11. КОСТАЌЕВ БОРИС - 30
12. ЗИБЕРИ НАСЕР - 29
13. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 28
14. МИЉОВСКИ ЈАНЕ - 2,6,5, 7,9,10,11,1415, 18,19,20,22,24,25
15. МИНОВ ПАНЧО - 29, 70
16. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 13, 16
17. НИКОЛОВ ЈОВАН - 48
18. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 55
19. ОСМАНИ РУФИ - 2о,21,22
20. ПЕТКОВКСИ ТИТО -1 ( вод.сед.потпр)
21. ПЕЦОВ МИРКО - 2,3,4
22. ПАУНОВ ТОДОСИЕ - 7, 86
23. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 61
24. РУЖИН НАНО - 42, 43
25. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 32, 81
26. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈ - 4
27. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 13, 57, 79
28. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО - 35
29. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА - 51
30. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ - 60
31. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 19, 31, 84, 85,
32. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 36, 37, 73
33. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР - 33, 46
34. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 76, 78


Дневен ред :


Точка 3- Пред.на З.за изм. и допол.на Зак. за Царините –амнндман. расправа, продолж. с.1
Т.-4-с. 33 - Пред.за дон и Изм.на З.за појдрачјата на опш.на СРМ
Т.5 - с.62 - Зак.за социј. заштита
Т.6.- с.66 - Зак за гаранц. на РМ за депон. девиз.влогови..
Т.7.-с.69 - Пред.за дон.на Зак. за јавни патишта
Т.8.-С.-88
Т.9.-С.-88
Т.10- с— 89
Т.11- с-90
Т.12.-с.90


-крај -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 21 декември 1995 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,55 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски, потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи имаме кворум продолжуваме со работа.

Пратениците Марјан Начевски, Димче Настовски, Илија Гоцевски, Јане Ангеловски, Игнатие Богдановски, Симон Наумовски, Владимир Станковски, Николина Трајановска и Александар Гештаковски, ме известија дека од оправдани причини не се во можноста да присуствуваат на седницата.

На вчерашната седница отворивме претрес по амандманот на текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за царините, за менување на член 5 поднесен од пратениците Здравко Стојковски, Мирко Иванов, Данило Милошевски, Александар Јаќимовски и Љупчо Беличев.

Во меѓувреме пратениците Назми Маличи, Исмет Рамадани и Газменд Ајдарага, поднесоа амандман на член 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Иван Бојков, поднесе амандман на член 6 став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Абдурауф Пруси, Џеладин Мурати и Исмет Рамадани поднесоа амандман за менување на член 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Тодосие Паунов, поднесе амандман на член 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мирко Пецов и Дргољуб Поповиќ, поднесоа амандман на член 1, за менување на член 5 и за менување на член 6 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратениците Мирко Пецов и Драгољуб Поповиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Пецов.

Се надевам дека нема повеќе да има амандмани на почетокот на, законот, затоа и тргнав по тој редослед од еден па натаму, а не почнавме од амандманот на член 5 на кој што застанавме вчера.

**МИРКО ПЕЦИВ:**

Почитувани пратеници, овие амандмани имаат за цел членот 53 да го коригираме односно предлогот за една година односно за 6 месеци да остане истиот на една година и кај помошните материјали исто да биде, да не се засметува царина. Тоа се битни работи, бидејќи денес на седница на Здружението на конфекционери, кои доста беа револтирани за оваа работа, бидејќи процесот на производството во текстилната индустрија не може да се заврши за шест месеци. Тоа трае една година и луѓето бараат тоа да биде. Ако има некој друг амандман, кој го заменува тоа да се договориме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, добро, за другите ќе разговараме, сега за ова.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Ако каже министерот, да не зборуваме сега, ако го прифати другиот, да не го браниме овој. Господине министре,може ли да не зборувам, да се произнесете.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас ве молам, ја правиме нашата работа апсолутно невозможна Не е моментот во кој се договараме или разговараме, туку дискутираме по амандмани. Единствено што можам сега да речам е да или не на амандманот, а не сега да држам говор што мислиме да прифатиме или не, ја поминавме таа фаза. Јас ве молам, или се држите до амандманот или го повлекувате. Јас реков дека не го прифаќам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие немавте обврска да се јавувате. Одиме понатаму.

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Јас останувам на амандманот, бидејќи не знам дали министерот ќе усвои сличен ваков амандман и затоа предлагам да се усвојат овие амандмани, бидејќи да речеме помошните материјали каде што се исфрлуваат од увезување без царина, да речеме, во текстилната индустрија процесот на производството трае една година, а не половина година, особено базните индустрии, особено кај предењето, ткаењето, комбинатите, целиот процес трае една година, така што тие не можат да го завршат процесот на производството за шест месеци, ќе им стасаат царините после шест месеци и тие ќе го запрат производството. Фактички не е изводливо, ако не се примени овој или сличен ваков

амандман навистина ќе направиме голема штета на стопанството. Тоа е сугестија и препорака и од текстилците денес на седницата на Комората и од други стопанственици дека тоа ќе ни создаде голема беља. Ако сакаме да пополниме социјала од такви давачки, мислам дека тоа нема да го овозможиме, бидејќи ќе создадеме нови социјали и се поголеми нови дупки. Затоа треба да се поспешува производството и мислам дека оваа работа е доста важна за стопанството. Затоа, овие три амандмани што ги нудиме мислам дека треба да бидат прифатени.

Вториот амандман го исфрла погонското гориво, така што мислам дека се погодни амандмани да се усвојат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Прашањето не е до министерот туку до подносителот. Дали дававте образложение на амандманот на член 1 или нешто друго дававте за да знам за што да гласам. Вие имате поднесено амандман на член 1 и министерот рече дека не го прифаќа тој амандман. А член 1 зборува за преминување на стоки преку царинска линија, да се заменат со зборови: "поднесување на увозна царинска декларација". Кога ќе биде вашиот амандман на член 6 за членот 53, тогаш ова образложение држи. Ова прашувам за да знам за што ќе гласам.

**МИРКО ПЕЦИВ:**

Точно е дека зборував за трите амандмани мислам дека не требаше да зборувам бидејќи тоа веќе е договорено. Меѓутоа, моја обврска е како стопанственик тоа да го кажам и да не излегувам за трите амандмани ова ми е едно образложение. Првото се однесува главно на роковите, во членот 1 стојат роковите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие како подносител имате право сите амандмани да ги браните.

Дали некој друг бара збор?

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

За да го појаснам негативниот став на Владата, за да можат пратениците полесно да се одлучат. Предлогот што го предлагаме фактички се однесува на фиксирање на моментот од кога течат роковите. Бидејќи во последното решение има дека рокот тече од поднесувањето на царинска декларација,а поднесуваше на царинска декларација е крајно растеглив поим,може да трае и со месеци, за да бидат работите јасни од тој момент течат роковите, ние велиме дека рокот тече од моментот на преоѓање на царинската линија. Со тоа се забрзува и царинењето, а и сите се заинтересирани поднесувањето на царинската декларација да биде побрзо за да го фатат периодот. Тука нема што, ничиј интерес не е, туку едноставно и службата се натерува да работи добро и за стопанството е подобро, а и стопанствениците јас не верувам дека имаат интерес тука. Ако некој со договор, со царина може да го растегне овој рок, тоа е единствено проблемот и да не даваме т_аква ланса, за тоа го одбиваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

18 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 1 поднесен од пратениците Мирко Пецов и Драгољуб Поповиќ.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2, поднесен од пратениците Абдурауф Пруси, Џеладин Мурати и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа. Ми се чини дека образложението во текот на вчерашниот ден го дадов зошто не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 2 поднесен од пратениците Абдурауф Пруси, Џеладин Мурати и Исмет Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратениците Назми Маличи, Исмет Рамадани и Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратениците Назми Маличи, Исмет Рамадани и Газменд Ајдарага.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Тодосие Паунов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Паунов.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, амандманот се однесува на Законот за изменување и дополнување на Законот за царини на членот 2 каде што стои ослободување од плаќање од царини после зборот "влекачи" да се додадат и зборовите: "како и резервни делови и автогуми". Мислам дека амандманот е оправдан и издржан заради тоа што резервни делови за тешки возила кои работат во странство, кои на некој начин донесуваат девизни средства на Република Македонија не можат во конкуренцијата да издржат во Европската заедница и воопшто во Европа и со соседите, бидејќи оваа давачка е прилично висока за транспортните организации кои вршат услуги во странство во однос на резервните делови кои не се произведуваат во Република Македонија и гуми кои исто така не се произведуваат во Република Македонија. Амандманот се однесува и се бара исклучок само на возила кои работат во странство, да бидеме на

некој начин приближно конкурентно способни за вршење на услуги во странство. Познато е какви се состојбите во транспортот денес, огромен капацитет кој не може да ја издржи ваквата конкуренција па не се ни вработени, односно проблемите кои што ги имаат транспортните организации во однос на давачаките за патарини, царини и други давачки кои ги има денес и кои ги плаќаат организации се неспособни во таа конкуренција. Мислам дека со тоа нешто ќе им се олесни и помогне на транспортните организации кои вршат исклучиво право во странство, ќе можат на некој начин барем нешто од капацитетите да бидат вработени. Треба да се има предвид дека ваквиот капацитет во оваа гранка во патниот сообраќај над 20 илјади работници работат. Нема да ни биде сеедно каква ќе биде судбината утре на овие превозници.

Да не должам, мислам дека амандманот е оправдан и Собранието треба да го прифати и да го усвои односно да биде составен дел на Законот за да може барем нешто да им се олесни на транспортните организации а со тоа сигурно им се олеснува и на производните организации, заради тоа што знаеме дека без добар организиран транспорт нема да имаме напредок во стопанството воопшто. Јас се надевам дека пратениците ќе го прифатат овој амандман и однапред ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

26 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Тодосие Паунов.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 5 поднесен од пратениците Мирко Пецов и Драгољуб Поповиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

(од место) Имаме еден заеднички амандман, кој технички се уште не е подготвен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе дојде, пак ќе го гледаме на крајот.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ**:(од место)

Прашувам затоа што гледам одите по редослед.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе се вратиме, ние и онака се враќаме по многу членови од вчера.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 5 поднесен од пратениците Мирко Пецов и Драгољуб Поповиќ.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 5 поднесен од пратениците Здравко Стојковски, Мирко Иванов, Данило Милошевски, Александар Јакимовски и Љупчо Беличев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

26 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 5 поднесен од пратениците Здравко Стојковски, Мирко Иванов, Данило Милошевски, Александар Јаќимовски и Љупчо Беличев.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, г-дин Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Стојановски.

**Т0МИСЈ1АВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сега имаме едно недоразбирање очигледно. Веројатно ќе биде избистрена оваа ситуација, меѓутоа може би требаше да се реагира правовремено за да и претходниот амандман и овој, па дури и првиот кој што не го разбравме затоа што колегата Пецов ги интегрира сите три амандмани во едно излагање. Тој прв амандман, иако помина, во интерес на јавноста има свое значење. Едно е стоката да помина гранична линија, друго е да се формулира УЦД увозно царинска декларација. Зошто?

Стоката може да помине граница, да стои на терминал, да има проблеми, да не се наплатат шпедитерски или други услуги, а рокот си тече. Така што тоа не е баш така едноставно што го изгласа ме. Може таму бирократија итн., да направи месец - два да си поминат додека корисникот стоката може да ја вгради во процесот на производството. Но тоа помина.

Овој амандман 6 кој е вклучен во сето ова што го расправавме овие два дена и поврзано со членот 53 од поранешниот Закон, пресекот на контрола дали да биде на година или на шест месеци, бидејќи досега беше на година дена дали е реализиран извозот или на шест месеци.

Да расчистиме некои дилеми кај оние што не се упатени дека не се работи за одбегнување на некое плаќање. Тоа што не е извезено ќе си се плати, она што е извезено има инструменти и начини да се изврши

детална контрола и државата да си гоземе својот дел. Беше многу експлоатирана финансискиот капитал, банки итн. Јас, досега, не знам дека ние тука, во ова Собрание од сите кредити што се задолжуваме дека ги насочивме во стопанството. Инвестираме во инфраструктура,инвестираме во санација на банки, инвестираме во подобрување на техничка опременост на министерства, јавни претпријатија и сл. Ако вака продолжиме практично јас не знам утре дали ќе можеме целото стопанство да го алиментираме, бидејќи целото ќе биде во социјала и ќе нема кој да издвојува. Немојте да се занесувате тука и да правиме некои мимикрии дека во интерес на алиментација на Буџетот и со тоа да привлечеме наклоност на она што значи здравство, социјала, образование, полиција,војска и управа дека затоа правиме да имаме полн буџет за да овие корисници ги обесхрабриме. Па ние видовме. К-15 го укинавме. Што им направивме ние на тие корисници на услуги? Зошто не им дадеме, ако не 13 плата на тие корисници, па сите свесно да поддржиме една таква активност.

Суштината е следна, луѓе, текстилната индустрија се уште вработува најголем број вработени. Филозофијата на модерен даночен и царински систем е да се земе што помалку, со помала стапка од сите Вака, ние како што одиме верувајте ќе дојдеме до година не во Куманово да штрајкуваат, не во Паланка ќе нема град во кој не ќе штрајкуваат, ќе нема град во кој што не ќе имаме поголем број на стечајни работници отколку другите.

Јас сум загрижен, да ви кажам искрено и по последната информација за промена на директор на Агенцијата за приватизација, значи практично она што ни е нам темел на транзиција, темел на оваа реформа, не ни штима нешто. Нешто се случува. Средствата што таму се прибираат во таа Агенција не ги гледаме и се она другото што практично г-дине Чадиковски треба да оствари стопанството за да има и

II/3.-

за театар за млади и за стари и за филхармонии и за образование и за се. Ако го немаме тоа...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да разговарате ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Само толку ќе ве молам, додека дојде другиот амандман да размислиме дека практично може би е потребно г-дине потпретседателе да дадете пауза од пет минути и после тој синтетизиран амандман кој што е еден компромис, ќе ги разреши овие енигми.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 6 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6 поднесен од пратениците Мирко Пецов и Драгољуб Поповиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, г-дин Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

За збор сепак се јави г-дин Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, повторно навлегуваме во една ситуација што прави зборка. Би било добро да се направи 15 минути пауза од следните причини:

II/4.-

Имаме решение што со еден амандман се бришат а во наредниот амандман истиот амандман ќе го има како дел содржан во тоа. Во една ситуација одбиваме, во друга ситуација треба да гласаме. Ќе дојде до непријатна ситуација.

Второ, во претходното решение на член 5 имаме исто една таква состојба.

Добро би било, предложениот амандман кој е во процедура на печатење да пристигне и да изградиме конечен предлог, да се усогласиме и оние амандмани што се содржани во тој амандман да предложиме како такви да бидат повлечени, а тој што ги санкционира сите решенија да биде предмет на расправа.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи овој амандман не е доставен, не е умножен до сите пратеници пауза од 5 минути да се подели.

(Пратениците бараат да се продолжи со расправа по другите амандмани)

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, г-дин Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам службата да се побрза со дистрибуирање со амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 8 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

II/5.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, г-дин Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара). Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандман го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 8 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

(со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието г-дин Стојан Андов).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратениците Зоре Темелковски, Панче Насев, Иван Бојков , Мирко Трипуновски, Томислав Стојановски и Џеладин Мурати поднесоа амандмани за бришење на членовите 5 и 6 и за додавање нов член 34-, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 5 и поднесен од пратениците Зоре Темелковски, Панче Насев, Иван Бојков Живко Трипуновски, Томислав Стојановски и Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, г-дин Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ги известувам пратениците Мирко Пецов и Драгољуб Поповиќ кои поднеле амандман за менување на член 6, потоа пратеникот Руфи Османи кој исто така поднел амандман за менување на член 6,

II/6.-

пратеникот Вељо Тантаров кој исто така поднел амандман за менувањена член 6, како и пратениците Здравко Стојковски, Мирко Иванов, Данило Милошевски, Александар Јакимовски и Љупчо Беличев исто така за член 6, пратеникот Славко Котевски, како и Иван Бојков кој исто така имаат амандмани на член 6, прviот став 2 и став 3, Иван Бојков има за член 6 став 3, сите тие пратеници ги известувам дека нивните амандмани нема да се разгледувани бидејќи се беспредметни бидејќи тој член е бришен. Сега, со претходниот амандман и тој член не постои во предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 6-а поднесен од пратениците Здравко Стојковски и Душко Николовски.

Има збор г-дин Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Го повлекувам овој амандман, а воедно ја користам можноста да соопштам дека со ова решение што го прифати Владата практично сите амандмани што беа предложени се ставени во функција на извршување на стопанските активности во Република Македонија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 9 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Пратеникот Руфи Османи го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 5 поднесен од пратениците Абдурауф Пруси, Џеладин Мурати, Назми Маљичи, Исмет Рамадани и Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, г-дин Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9)

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот на член 10 став 5 поднесен од пратениците Абдурауф Пруси, Џеладин Мурати, Назми Маличи и Исмет Рамадани и Газменд Ајдарага.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 8, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Пратеникот Руфи Османи го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 5, поднесен од пратениците Мирко Иванов, Горѓи Атанасов, Јане Ангеловски, Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, г-дин Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Г-дин Атанасов бара збор.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Некако, материјата за слободните царинските продавници дојде во втор план во врска со член 53. Меѓутоа, сакам да кажам дека овој амандман го поднесовме како алтернатива за едно пофлексибилно решение, за утврдување на бројот на концесионерите на граничните премини

Сметавме дека е лошо решение однапред Владата да се лимитира, бидејќи некаде може да биде и неатрактивно концесионерите да

II/7.-

се јават и ги земат објектите под концесија, туку дека е добро да има можност Владата да утврдува дали на некои гранични премини освен еден може да има и повеќе концесионери.

Од тој аспект апелирам да се прифати амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за финансии г-дин Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Со оглед на тоа што за ист член има повеќе амандмани, кај нас веќе не можеме да водиме точна евиденција.

После ова објаснување на пратеникот ни ги даде причините, сакам да кажам дека Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го прифаќа.

Бидејќи на исти членови има повеќе амандмани, јас предлагам да направиме мала пауза, ама сите да бидете тука, пет минути за да се средат добро да не се повторат вакви работи, не се убави. Има потреба.

Пет минути пауза.

III/1.- РД/ОМ

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (Продолжение)

Една интервенција. Јас не прифаќам мојот амандман на член 6 од законот за измена и дополнување да не се гледа денес, ова што овој амандман што го прифатија сега господата Зоре Темелковски, Панче Насев и Иван Бојков се однесува за бришење на новиот член во предлогот."за изменување на законот, значи да работиме и понатаму по старо како што предложија други. Јас барам мојот амандман да се гледа. И никој нема право да ми го одземе тоа право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие можете да поднесете амандман и да го нумерирате на друг начин. Вашиот амандман се однесува на член кој веќе не постои.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Сметам дека се прави некоја манипулација. Добро ќе поднесам нов амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате право да поднесете, но ќе го нумерирате на друг начин, затоа што не можат да се даваат амандмани на непсотоечки текст. На тоа го упатува членот 338 од Деловникот.

Отворам претрес по амандман на член 10 став 6 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот вака како што е формулиран не се прифаќа, меѓутоа нешто што е сугерирано овде претходно е прифатено со претходниот амандман. Така што мислам не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали се повлекува амандманот или да го дадам на гласање.

**ЈОВАН ЛАЗАР0В:**

Суштински амандманот е еднаков со овој што го поднесе г-динот пратеник, така да го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11 во новиот член 206 за бришење на алинеја 5 поднесен од пратеникот Иван Бојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11 кон новиот член 206 став 1 за менување на алинеја 6 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас само кратко, нема долго да образложувам туку ќе го прашам г-динот Миљовски и ќе барам тој повторно да излезе на говорница и да каже дека оваа решение што тој го предлага е усогласено со решенијата предвидени во Законот за сметководство. Имено се знае дека едно правно лице може да има само една жиро сметка, било тоа да е денарска или девизна. Во случајот право да биде концесионер има и

правното лице и физичкото лице. Се поставува следното прашање? Ако едно правно лице може да биде троен концесионер, во тој случај тој ќе треба да има четири жиро сметки, односно три за дјутифришоповите, плус за редовната активност и автоматски по ова што е предложено ќе треба да води паралелни четири книговодства, односно ќе треба да поднесува сметководствени извештаи и т.н. согласно Законот за сметководство. Во таа смисла јас предложив решението да биде усогласено со законот за сметководство, имајќи го предвид принципот едно правно лице, една жиро сметка една книговодствена евиденција. Во таа смисла тоа е поентата, па би сакал да ги слушнам аргументите од другата страна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас се извинувам повторно што излегувам на говорница и навистина повторно барам г-динот Миљовски да излезе на говорница и да ја разреши оваа дилема. Инаку сум сто посто сигурен дека ние ќе напра- виме грешка, ако го усвоиме ова што е предложено од страна на Владата

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Мислам дека се доведовме во една состојба која треба да одлучуваме како што не треба да одлучуваме. Заправо заради ова ми се случува; неколку пати Јас почитувам тоа дека министрите не се должни да ни одговараат на поставените прашања, меѓутоа, мислам дека од принцип од аспект на тоа да работиме правилно да донесуваме одлуки кои ќе бидат важечки,

мислам дека треба одговор да се даде. Затоа го оправдувам г-динот Руфи Османи кога тоа прашање го истакнува и преку амандманот. Мислам дека не е во ред ние овде сега да излеземе да донесеме некој закон кој утре ќе биде даден на разгледување во постапка пред Уставниот суд и тој како таков да не биде валиден, односно одредени одредби да не ни бидат во согласност со Уставот. Мислам очигледно оние што се занимаваат со стопански активности знаат дека едно претпријатие, еден правен субјект има само една жиро сметка, односно една девизна сметка. Не може да има повеќе. Затоа мислам дека не треба да стоиме многу тврдоглаво дека ова е така и како што сме рекле ние мора така да биде. Треба да бидеме свесни, работите да ги исправиме. Ако случајно сме згрешиле и човечка особина е да се згреши. Затоа јас со радост би го слушал министерот да ни даде образложение кои се побудите зошто така е речено или пак да се признае дека треба да се исправи тоа што е понудено.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Мислам дека прашањето ниту има суштински карактер, ниту е такво да треба да се дава објаснување, затоа што целата таа материја е фактични од техничка природа која што на таков начин и ќе биде разрешена со прописите кои поблиску ги објаснуваат овие работи. Причината вакво нешто да предвидиме е следната. Да може да се следи прометот на фришоповите како конкретно во соодветните сметководствени принципи ќе го решиме, тоа е прашање на техника со која што мислам дека ова Собрание не треба да се замара. Мислам дека нема никаков судир ние имаме модел преку кој што тоа ќе го решиме.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас уше еднаш ќе барам извинуваше во образложението што го даде г-динот министер воопшто не кореспондира со решенијата кои се

предвидени во Законот за сметководство. Во тој закон јасно е кажано дека постои само единствено книговодство на ниво на претпријатието, односно правно лице, дека прометот на тоа правно лице независно дали има една продавница, има сто продавници, илјада продавници, се води и се евидентира преку единствена жиро сметка и во таа смисла, она што министерот го подразбира, тоа е веќе нешто друго и затоа оној амандман што јас го имам предложено е усогласен со решенијата од Законот за сметководство. Јас ќе завршам. Ако ова се прифати јас сум длабоко убеден дека ќе направиме преседан и дека ако се бара толкување или од Уставен суд или од Законодавно - правна комисија ќе излезе ова што јас го толкувам. Па да бидеме здрави и живи да оставиме времето да не потврди или негира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Со внимание го слушав излагањето на г-динот министер, меѓутоа не успеав да се убедам, од причина што ќе бев се убедил, доколку министерот ќе речеше во наведениот член дека прашањето на водењето на книговодство ќе се регулира со посебен пропис, односно правилник што ќе го пропише министерот, тогаш сосема подруго ќе беше. Меѓутоа, ако се наведува дека посебна жиро сметка, тоа е одржливо во законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние сега формално можеме да продолжиме, меѓутоа можеби е интерес на Собранието да замолиме една кратка пауза за да се разберат. Една причина, проста причина е што ако се овозможи овде посебни жиро сметки ќе мора да се дерогира целиот закон за сметководство, ќе мора да прави завршна сметка. Тоа со подзаконски

акти не можете да го уредите бидејќи е друга законска материја. Затоа за две три минути видете дали е толкава спротивноста да не направиме грешка на Собрание. Бидејќи ако го усвоиме Собранието прави грешка. Ве молам пауза.

Одиме понатаму. Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (32)

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 во новиот член 206-а став 1 за менување на алинеја 6 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 11 во новиот член 206 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, а најдобар одговор за тоа даде на вчерашната расправа пратеникот Мирко Трипуновски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 во новиот член 206-а поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

III/7.-

Отворам претрес по амандманот на член 11 во новиот член 206 поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? ( 9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 во новиот член 206-а, поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 11 во новиот член 206- ѓ за менување на алинеја 3 поднесен од пратеникот Иван Бојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 11-а поднесен од пратениците Здравко Стојковски и Душко Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 11-а поднесен од пратениците Здравко Стојковски и Душко Николовски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 16 поднесен од пратеникот Славко Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 16 поднесен од пратеникот Славко Котевски.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 34 поднесен од пратеникот Мирко Ивановски.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Се работи со овој амандман за работата на фришоповите или таканаречените безцарински продавници. Рокот кој го дава за преструјување или реорганизација на самите фришопови, Владата нуди да биде една година. Тие што живееме во овие општини каде што има фришопови знаеме колкави вложувања има направено овие претпријатија или фирми во самата изградба на овие објекти. Тоа се објекти од тврда градба кои што само што се пуштени во работа. Еден од тие објекти почна пред 10 дена да работи. Мислам дека овие вложувања се така големи и мислам дека треба да се даде еден поголем преоден рок за да може овие средства да се повратат, бидејќи средствата што беа дадени за комуналии се вградија токму на самите гранични премини. Се изгради инфраструктура комплетна, водоводи, електрика се постави вага за мерење на сите возила и мислам дека треба да се прифати подолг рок, а понатаму да се применува законот кој го предлага Владата, но тој рок да биде од една на две години.

Мислам дека амандинот треба да го поддржиме. Тоа се однесува сигурно и за другите општини како што е Гевгелија, Паланка, каде што вработуваат доста работници нивните претпријатија, кои ги држат фришоповите, но тоа подобро ќе го објаснат колегите од тие општини.

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ:**

Јас го поддржувам амандманот и мислам дека државата не може да дава некој права и после печес месеци, или три месеци да им ги одземат тие права затоа што се работи за сериозни вложувања за

големи вложувања. Мислам дека овој амандман ова што го нуди е оптимално и треба да го прифатиме.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас исто така се придружувам на подносителите и на подражателите на овој амандман од два момента.

Првиот момент е правната сигурност што ја искажа и претходно пријавениот колега, а тоа е од аспект на правна сигурност треба да се даде овој релативно подолг рок, до две години, за да еднаш стекнатото право се компензира со овој временски рок на вршење на дејноста.

Втората работа е правичноста, која исто така на стекнато право со организација на просторот, со законска постапка на лицитација и со веќе инвестирање во објекти до тврда градба мислам дека со вршење на дејноста е оптимален и целисходен рокот од 2 години. Се придружувам кон прифаќањето на поднесениот амандман од колегата Иванов.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас ги поддржувам сите дискутанти кои се изјаснија за продолжување на рокот на сопствениците на безцариснктие зони односно продавници од многу причини кои впрочем беа изнесени од другите дискутанти.

Доколку се прифати овој амандман мојот амандман и на Исмет Рамадани би бил повлечен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали уште некој има збор.

Има збор г-динот Костаќев.

IV/3.-

**БОРИС КОСТАЌЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и јас се согласувам со овој амандман бидејќи според мене две се причините за продолжување на овој рок на две години.

Прво, фирмите кои што отворија фришошпови навистина вложија прилични средства и сега за една година не можат да си ги вратат тие свои средства, а камо ли да издвојвуаат средства за да можат да учествуваат на лицитацијата која што ќе следи набргу. Помоќните конкуренти ќе можат многу лесно да им ги земат овие објекти.

Втората причина, како што е фришопот во Гевгелија иако во последните една до две години немаат значителни вложуваа во градба, бидејќи тоа е вградено пред повеќе од 5-6 години, во од овој фришоп егзистираат повеќе од 400 вработени. Се разбира не се сите вработени во фришопови, туку во другите организациони единици на холдингот Солун и за плаќање на дивиденди и други трошоци прилично се истрошени средства во овој период. Нив ќе им треба период од 2 години најмалку за да можат да приберат средства и да можат да се јават на лицитацијата која ќе следи. Затоа се залагам овој амандман да добие поддршка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (55 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање.

9 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го усвои Амандманот на член 34 поднесен од пратеникот Мирко Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 34 поднесен од ЗПК.

- Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 34 за додавање на два нови става поднесен од пратеникот Славко Котевски.

- Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ;**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор? Има збор г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Со оглед дека никој не ги чита предложените амандмани јас само ќе ве потсетам за што станува збор во овој амандман.

Во членот 34 се додаваат два нови става кои гласат:

Прво, "за корисниците за царинските повластици по член 28 став 1 точка 3, кои започнале со користеа»е со денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се приемнвуаат одредбите на постоечкиот закон.

Второ, за увезените суровини и репроматеријали со приемна на член 53 од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се применуваат одредбите на постоечкиот закон.

Ве молам да се гласа за овој амандман.

IV/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. 17 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 34 за додавање на два нови става поднесен од пратеникот Славко Котевски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 34-а поднесен од пратениците: Зоре Темелковски, Панче Насев, Иван Бојков, Мирко Трипуновски, Томислав Стојановски и Џеладин Мурати.

- Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ;**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратениците Насер Зибери и Исмет Рамадани поднесоа амандман на член 34 по кој Владата не се произнела.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Како што најави г-динот Зибери ние го повлекуваме овој амандман затоа што беше прифатен амандманот со кој се продолжи рокот за две години на слободните царински продавници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

55 пратеници гласаа за.

Дали е некој против.

2 пратеници

Дали некој се воздржува од гласање.

7 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за царините.

Минуваме на **точката 4** - Предлог за донесување на закон за изменување на законот за подрачјата на општините во СРМ, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот, извештаите на работните тела на Собранието на РМ, мислењето на Владата на РМ, како и известувањето на претседателот на Собранието на општина Т. Велес, вис е доставени односно подлеени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и пратеници да нема забуна за третото тоа се однесува за оние пратеници кои ќе излезат на оваа говорница не се обраќаат до претседателството и до нас.

IV/7.-

Поттикнат сум од причините поради кои се предлага донесувањето на овој закон. Тоа се три забелешки и една морална.

Сакам да кажам зошто ќе гласам против овој предлог на закон по основ на овие три мои забелешки. цитирам "По распадот на поранешна СФРЈ прогласувањето на независноста и донесувањето на Уставот на РМ граѓаните на нашата држава живеат во општествено економски и политички систем со сосем поинакви вредносни критериуми во споредба со претходниот". Не се согласувам со тоа"вредносни критериуми", тоа се морални за жал. Тоа е промената.

"Собранието на Република Македонија со донесувањето на законот за престанувањето на важноста на законот за употреба на името и ликот на Јосип Броз Тито, службен огласник..., сосате законски услови за ослободување од поранешните баласки од култот на личноста, кој беше граден со децении и ослободување од сите предрасуди и хипотеки во минатото".

Поранешните баласи, не се согласувам дека историјата може да биде балас, таа историја за стварал народ, граѓаните на оваа држава, таа историја е и моја историја.

За местото и улогата на Тито во историјата на македонскиот народ својот збор ќе го каже историската наука, поради што тоа не треба да се поврзува со имињата и општините и градовите." Точно е дека историската наука ќе ги постави сите работи на свое место без разлика дали на некој тоа му се бендисува или не, но моите морални вредности не ми дозволуваат да дигнам рака за нешто што навлегува во достоинството и угледот на луѓето од Титов Веле. Единствено граѓаните на Титов Велес имаат демократско право да одлучат како ќе се вика нивниот град. Тоа може да де реши со референдум.

IV/9.-

Само за тој став на сите граѓани од Т. Велес јас ќе го дадам својот глас и ќе ја почитуван нивната волја.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ;**

Почитуван претреселе, почитувани пратеници, Во врска со предлогот за донесување на закон за изменување на законот на подрачјата на општините на СРМ сакам да се осврнам на сега донесениот закон за локална самоуправа, каде во член 87 Собранието на РМ при донесувањето на законите што се однесуваат на единиците на локалната самоуправа ќе побара мислења од нив со што се предвидува можноста за партиципација на единиците на локалната самоуправа во законодавниот процес кога Парламентот донесуваа закони кои штос е однесуваат на нив. Бидејќи ние овде до денеска немаме добиено информација за мислење од општината Т. Велес освен мислењето преку средствата за јавно информирање од собирот одржан од страна на Сојузот на борците од Т. Велес, а со тоа сметам дека се скратува можноста согласно член 87 од Законот за локална самоуправа за партиципација на граѓаните од во градењето на тоа мислење од страна на локалната самоуправа. Затоа предлагам Парламентот пред да добие мислење, или пред соодветен метод да добие мислење на мнозинството од граѓаните од општината со што би се овозможило да партиципираат во законодавниот процес што е и смислата на член 87.

Јас додека не добиеме до граѓаните на општина  Т. Велес нема да го подржам овој закон, Јас мислам ова прашање што е денес на дневен ред би требало да се уреди со новиот закон за подрачјата на општините во РМ кој е во фаза во Владата на РМ.

IV/10.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ;**

Почитуван претседателе, дами и господа, ќе зборувам принципиелно како пратеник од Т. Велсс.

Не е спорно процедурата за донесување на закон. Имаме предлагач, имаме предлог за донесување на закон, имаме мислење на Владата, имаме мислење на Комисијата, ЗПК, на Комисијата за политички систем, едноставно што мислам што не достасува за ова е мислењето на Собранието на општина Т .Велес. Зошто мислам така? Мислам од една страна причина што согласно член 87, за кој 'што зборувале и мојот претходник стои дека Собранието на РМ при донесување на законите што се однесуваат на единиците на локалната самоуправа ќе побара мислење од нив.

Да ве информирам дека барање од Собранието на РМ е доставено до Собранието на град Т .Велес на 10.12, 1995 година, одговорено е на 12.12.1995 година во смисла на тоа дека претходно општинското собрание има закажано седница на 22.

V/1. -СП/МЛ

**МИЛЧО ТРАЈКОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Јас како пратеник зборувам во свое име и зборувам принципиелно без да навлезам во материјална расправа, не можам да се произнесам за одредена тематика која се однесува на граѓаните на градот кој го претставувам без да го знам нивното мислење. За жал, до сега официјално нивно мислење немаме, мислам дека тоа мислење како такво треба да се прибави согласно член 20 од Законот за локалната самоуправа кој зборува за непосредното изјаснување на граѓаните од локалната самоуправа. Согласно тој член во оној момент кога граѓаните ќе се произнесат за ова, јас ќе можам да настапам во Парламентот и да го бранам мислењето на мнозинството, да бидеме начисто, граѓаните на нашиот град се поделени на две групи, има различити мислења со страшна внатрешна конотација и нестабилна атмосфера. Согласно тоа јас гласав во предлогот даден од Социјалистичката партија да се одложи по произнесувањето на граѓаните согласно член 20 и јас потоа да настапам со мислењето што ќе го имаат бирачите. Бидејќи тоа не се усвои се влезе во материјална расправа, оттука тврдам и ќе го запазам тој став нема да гласам за законот ниту ќе бидам против, туку воздржан едноставно од тоа што не го знам мислењето на мнозинството на граѓани на град Титов Велес.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа. Денес расправаме за оправданоста од донесување на еден закон чија суштина е враќање на вековното име на Велес градот на Кочо Рацин, Васил Главинов, Јордан Хаџиконстантинов - Џинот, гемициите, Панко Брашнаров и плејада други дејци.

V/2.-

Ова е прашање за кое сметам дека не треба да има поделби меѓу граѓаните ниту политичките партии, прашање кое како и низа други е резултат на времето во кое живееме, одлика на системот што го градиме и промените што мораме да ги стимулираме и спроведуваме.

Во Титов Велес неоправдано се дигна многу прашина по ова прашање. Беа изречени свесно или несвесно со или без намера многу тешки зборови и квалификации што оставаа простор за одредени сомнежи кои воопшто не можат да го издржат тестот на времето. Јас и ние од Пратеничката група на Либералната партија го почитуваме придонесот на Јосип Броз Тито како во антифашистичката борба на народите на бивша Југославија, како што го почитуваме и неговиот придонес за решавањето на националното прашање на македонскиот народ и националната афирмација на македонскиот народ и националностите што живеат во Македонија. Историјата доста и досега кажала, а тоа ќе биде предмет на понатамошни проучувања на историската наука. Тито бил идеолог и водач на една сега непостоечка држава, држава која десетина години по неговата смрт се распадна поради што до скоро се водеа крвави борби помеѓу дел од некогашните југословенски народи. Денес сите конечно треба да сфатат дека реалноста е сосема поинаква. Македонија по донесувањето на Уставот како современ граѓански акт со кој се уредува државно - правниот карактер, се конституира како самостојна суверена граѓанска и демократска држава. Значи Република Македонија како независна држава неминовно требаше и треба да ги надмине сите предрасуди и хипотеки од минатото. Резултат од тоа е потребата од дезиологизација особено во работата на државните органи, претпријатија и другите правни субјекти. Сакале или не задржувањето на сегашното име на Титов Велес асоцира на поврзаност на нашата сега независна држава со една непостоечка држава и со една држава која не основано претендира да ја наследи и замени. Затоа, задржувајќи ги оценките за придонесот на

V/3.-

Јосип Броз Тито за АСНОМ-ска Република Македонија ние мислиме дека е време од името на градот да отпадне додавката или придавката Титов. Впрочем, тоа први го направија Словенците кога Титово Велење го преименуваа во Велење без тоа воопшто да значи дека Словенците не го ценат придонесот на Тито за националната афирмација на Словенија кога се знае дека Тито таму даде огромен придонес обезбедувајќи целосно влијание на антифашистичките држави за да на Словенија и се вратат приморските делови што исто-риски беше оправдано.

Со ова ние не водиме акција за девалвирање на придонесот на Тито во афирмацијата на македонскиот народ и држава, туку со овој симболичен потез сакаме да означиме дека Македонија веќе не и припаѓа на Југославија и дека нема потреба град во Република Македонија да носи име на Тито.

Највисокиот законодавен дом на Република Македонија со донесувањето на Одлуката за отстранување на фотографиите на Јосип Броз Тито, Гоце Делчев и Никола Карев од салите каде заседава македонскиот Парламент и неговите работни тела во декември 1991 година со донесувањето на Законот за престанување на важноста на Законот за употреба на името и ликот на Јосип Броз Тито во јануари 1992 година и Владата со Уредбата за отстранување на фотографиите на Јосип Броз Тито од просториите на државните и јавните институции ги создадоа неопходните законски предуслови за дезидеологизација на системот, а особено во сферата на работењето на државните органи, претпријатијата и други правни лица.

Вредно е да се напомене и тоа дека Уставниот суд на СФРЈ уште пред нејзиниот распад во 1989 година и подоцна во 1990 и 1991 година утврдил дека за донесувањето на Законот за употреба на името и ликот

на Тито не постои уставен основ, односно дека тој не бил во согласност со Уставот на СФРЈ уште при неговото донесуваше. По ова следуваа низа промени на имиња на плоштади, касарни, училишта и други институции. Плоштадот Марлаш Тито во Скопје беше преименуван во плоштат Македонија. Касарната Маршал Тито во Скопје во Илинден, а Основното училиште Јосип Броз Тито во Титов Велес во Основно училиште Блаже Коневски и низа други промени. Не се сеќавам дека ваквите одлуки не биле одобрени и дека по нив имало реакции и било - какви јавни масовни изразувања на револт и протест од страна на граѓаните и организациите.

Не се ретки случаите дипломатските претставници кои престојуваат во Републиката да изразуваат вчудоневиденост поради фактот што во многу простории во институциите кои ги посетуваат е поставен портрет на претседател на поранешна сега непостоечка држава. Исто така и фактот што првиот ден по атентатот врз претседателот Глигоров јавните гласила во вестите употребуваа формулација дека тој бил извршен на улицата Маршал Тито, а потоа во сите информации и вестите одеа со формулација дека атентатот бил извршен на улицата Македонија, претпоставувам заради ефектите од нејзиното пласиран>е во светските јавни гласила. Тоа само по себе доволно зборува и затоа се излишни секакви натамошни коментари.

Би сакал да ве потсетам дека денешното име градот Титов Велес го има добиено во 1946 година со Законот на Президиумот на АСНОМ за преименување на името на град Велес во Титов - Велес што со Законот за потврдување именение и дополнение на Законот за преименување на името на град Велес во Титов Велес донесен 1948 година е потврдено и конечно верифицирано со Законот за подрачјата на општините од 1965 година.

V/5.-

Владата на Република Македонија по покренувањето на иницијативата за промена на името на градот во ноември 1993 година има дадено мислење дека ја поддржува иницијативата, но дека тоа треба да се изврши со изменување на Законот за подрачјата на општините, што всушност ни беше главен адут за предлагање токму на овој закон.

Во претходното изјаснување веќе кажав дека процедурално овој закон во потполност ги задоволува уставните, законските и деловничките одредби. Членот 5 од Законот за територијална поделба на општините како и член 23 од Законот за локалната самоуправа се многу јасни и прецизни и не создаваат услови за организирање на референдумско изјаснување на граѓаните. Впрочем граѓаните на Титов Велес и воопшто граѓаните на Македонија референдумски не се изјаснуваа по многу други позначајни прашања како на пример каква приватизација сакаат, кој систем на социјална заштита најмногу им одговара ниту пак за локацијата на Топилницата. Доколку сакаа раководителите на Собранието на општина Титов Велес имаа доволно време да закажат седница бидејќи беа благовремено известени, но и без тоа Собранието има легитимно уставно право да расправа и одлучува.

Би сакал да додадам дека законодавецот доколку сметал дека прашањата на имињата на градовите и општините се прашања само од локално значење, ќе предвидеше и соодветна законска одредба.

Според тоа, промената на името на Титов Велес не е локално прашање, туку е прашање од интерес на сите граѓани на Република Македонија затоа што Титов Велес е последниот град од осумте гра-ови на републиките и покраините на некогашна Југославија што се уште го носи Титовото име, а би ве потсетил дека во Русија градот Ленинград согласно промените беше преименуван во Санкт Петерзбург.

Аргументите што се изнесуваат зад наводните големи материјални трошоци на кои граѓаните ќе бидат изложени во сегашните сложени социјални услови се неосновани и неточни и се употребуваат како контрааргументи во недостаток на вистински издржани аргументи. Сите промени во развојот на една држава си носат одредена цена. Зарем требаше ние да не го менуваме името на Социјалистичка Република Македонија во Република Македонија за да заштедиме или сега зарем треба да се откажеме од усвојување на нов државен грб на Република Македонија. Имајќи го предвид фактот дека времето ќе го направи своето и ако не сега, тогаш со Законот за територијална поделба на Републиката ќе дојде до негова промена, граѓаните а и вие што ќе одлучувате треба да знаете дека порационално е до промена на името да дојде сега додека не сме го усвоиле новиот грб за потоа граѓаните да не бидат изложени во два наврати да ги менуваат своите исправи и лични документи и да плаќаат двојни трошоци.

Драго ми е што Комисијата за политички систем, Законодавно - правната комисија, а посебно Владата на Република Македонија го поддржаа законот. Јас ви ги презентирав моите аргументи, на вас е да одлучите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почтуван претседателе, дами и господа пратеници.

Доколку оваа тема беше на дневен ред пред четири - пет години, јас немав никакви дилеми и веројатно ќе гласав во рамките на целата еуфорија на рушење на споменици, менување на градови што се случи во цела серија низ цела Источна Европа.

V/7.-

Пред 10 години унгарскиот интелектуалец Арпан Генц рече вака: Потешко е да се сруши комунизмот отколку да се изгради демократија. Десет години подоцна тој самиот се негираше рече се излажав во прогнозите, бидејќи навистина било многу потешко да се изгради демократијата, отколку да се направи рушење на комунизмот, како што знаете тој се сруши за неколку години, односно за две-три.

Комунизмот е срушен како систем (упаѓање од место).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, продолжете си вие, а другите не упаѓајте. Престанете.

**НАНО РУЖИН:**

Пет години по опстојувањето на комунизмот кога сите ги гледаа првите искуства Адам Михник вели: опасностите од промените кои доведоа создадоа два вида на последици,едната беше ксенофобичниот национализам, а вториот бољшевичкиот антикомунизам. Значи не бољшевички комунизам, туку бољшевички антикомунизам.

Инаку, оваа тема кога ја дискутираме сите сме свесни дека ако застанете и го градите она што не треба да се смени имате опасност јавното мислење да го третирате како некој ортодоксен комунист Меѓутоа, сметам дека денеска во овие услови сепак самиот предлог ми создава, лично за мене, некои дилеми од следните причини:

Прво, дозволете ми теоретски малку да се осврнам на проблемот. Теоријата се уште не објаснила што се случи во 1989-1990 годи на. Дали беше револуција или реформа. Можеби најсреќен одговор дава Тимотиј Гартоме што вели тоа беше рефолуција со "Ф" правејќи вкрстување меѓу зборчето револуција и реформа. Значи, промените беа револуционерни,

меѓутоа, се случија по пат на реформа. Значи револуциите изгубија не се како поранешни, насилни со некој одреден идеолошки концепт како што беше на пример за време на бољшевичката револуција, туку беа со никаков идеолошки концепт, значи немаше концепт се одеше на промени, меѓутоа, тие промени немаа концепт.

Во државите се создадоа два вида на размислувања. Едната беше онаа националистичка која се бореше за целосен прекин со минатото, за еден целосен дисконтинуитет, а едната беше оние што настапуваа од аспект на национализмот беа на целосен прекин на целосен дисконтинуитет со минатото. Велеа да се сменат институции, да се сменат луѓето. Оние што одеа со умерена опција беа за умерени промени. Тоа беше граѓанската опција во општеството. Знаеме кој во почетокот сите тие промени кои настапија во цела Источна Европа сведоци сме на рушење на огромни споменици и менување на знакови.

Што се однесува до конкретниот случај со Титов Велес ме збунува затоа што предлагачот вели тоа е идеолошки предзнак, па и Свети Николе е идеолошки предзнак и тоа лаички. Ние сме лаичка држава Свети Николе е верски град. Според тоа, зошто тогаш да не дадеме амандман да се смени тој град.

Втора работа ние зборуваме за еден град што се вика Титов Велес во кој е исто град на Аце Коцевски, тој спомна тоа е град на Кочо Рацин, во ред, меѓутоа, генерациите кои живеат веќе 50 години се идентификувале со идентитетот на Титов Велес и ние не можеме да им наметнеме така законски, еве ние го сменивме вашето име, а вие чувствувајте се како што сакате. Зарем тоа не ве асоцира малку на еден проблем со името што ние го имавме. Сметам дека до колку зборуваме за промените, тогаш сметам дека најпрвин треба да се направи еден референдум во градот, а потоа да донесеме сите заеднички едно решение и да го почитуваме мислењето на граѓаните на Титов Велес.

Трета работа, што сметам дека е мошне битна е што зошто избегнуваме, што толку ни тежи тоа Титов Велес. Зошто, зарем секоја епоха не оставала одредени споменици. Зарем вие можете да сфатите дека она што се рушеше во Советскиот Сојуз тоа беше една масовна хистерија која го имаше токму оној бољшевички антикомунизам, меѓутоа, сепак тие споменици имаа некоја вредност. Не велам дека целата лепеза рековме седумте градови херои од Титовиот предзнак се срушија зошто еден да не остане. Нека биде, од мое лично име го зборувам, еден знак на историјата. Историјата си остава свој печат, имаме и други луѓе, не го ставам во прашање значењето на Тито, тој бил веројатно човек со повеќе значен>е имал и свој потемен дел од личноста, бил тоталитарист, но сепак тој град Титов Велес постои и тој ја одбележува историјата, епохата на еден народ. Според тоа сметам дека без да ја иссилуваме желбата на народот, на граѓаните на Титов Велес, сметам дека без никакви амбиции за политички маркетинг ниту пак да се соочиме со опасноста да не одбележуваат како кочничари на времето да им дадеме право на граѓаните на Титов Велес на референдум да решат, а после тоа тој референдум со нашето кревање на раце да го потврдиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Од излагањето на колегата почитуван Аце нешто ние не се разбираме. Јас добив еден впечаток дека ние овде му судиме на Тито. Тоа нема врска. Едноставно само да се даде можноста на граѓаните на Титов Велес да си кажат тоа што го мислат. А тоа дека треба да им помогнеме на велешани оберучки да имаат чист град, да имаат вода итн., како тоа што се однесува за сите градови во Македонија, едноставно да се даде таа можност на граѓаните односно на Градското Собрание или како тоа ќе се изведе со референдум да се изјаснат граѓаните, а ние после тоа да дискутираме овде. Не да дискутираме, туку едноставно да го поддржиме нивниот став. А тоа со спомнатите величини, сите тие великани од Титов Велес, се влезени во историјата, а вака мислам дека не се влага во историјата.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед дека оваа тема е прилично интересна и забавна за нашите гледачи, ние како што гледам се трудиме и ќе се потрудиме да ги забавуваме и во тоа еве и јас давам свој придонес. Прво, во дел од дискусиите беше спомнато дека, главно овие што седат од левата страна дека името на градот треба да го препуштиме на граѓаните на Титов Велес. А бидејќи од процедурални причини ние сме тие што треба да го донесеме тој закон, да го слушнеме нивното мислење, тоа би било донекаде во ред, освен ако не се знае како е тоа име лобиенс Тоа име што градот Титов Велес го добил во тоа време, не било токму така како што ние сега заговараме. Или се бара овде од левата страна некако таа работа таму да се препушти, па некој друг да биде кабаетлија.

VI/2.-

Лично сметам дека името на градот Титов Велес е главно комбинација на две работи на тоа време. Тие две работи се: едната благодарност на македонската држава за придонесот на тој Тито во создавањето на таа македонска држава, а исто така повеќе од сигурно дека има и елементи на едно политичко додворување. Според тоа оние политичари од Титов Велес имале некој поголема политичка тежина и урпеале името на Велес да биде Титов, а можело да биде Титово Куманово, Титов Прилеп итн. Заради тоа зборувам дека правото на името на Титов Велес во овој контекст не е само низно право, туку и право на граѓаните од Републиката да расправаат, односно ние овде.

Сега да се вратиме на образложението. Читајќи го образложението за донесување на овој закон главно има две причини и тоа се идеолошките причини со кои треба ние да расчистиме. И втора работа што не е експлицитно кажана, да покажеме дека ние ете држава и дека секој белег од историјата создава проблеми на нашата држава. Сметам дека и за двете причини поприлично треба да се коментира зашто нема материјална основа за вакви промени, туку има само политичка основа. Мислам дека овие причини се токму тие причини кои што сакаме ние сликата на нашата државичка пред Европа и светот, малку да ја подразубавиме, но сметам дека тоа не ќе успееме да го направиме бидејќи таму не минуваат нашите евтини козметички препарати. Ќе ни ја видат грубоста со неа. Зошто? Јас ќе ги анализирам и двете причини.

Првата причина дека со изоставувањето на името дека веќе сме се промениле и ослободиле од така наречениот комунистички синдром, што не е многу за верба, бидејќи во исто време користиме европски или модерно демократски методи во полициски истраги, претресувајќи ги домовите на граѓаните на цели населби, без налог или со еден налог,

или би било уште пострашно ако има за секоја куќа налог, би биле за никаде. За оваа работа да се трансформира многу не ќе ги убедиме.

Втората работа за да покажеме дека сме независна држава мислам дека правиме контра ефекти и тоа, ако се вратиме уште во времето кога на овој град му е дадено името во ред јасно претходно дека има елементи на благодарност и има елементи на додворување, но можеме и да заклучиме дека тука има и благодарност и додворување и што е најважно поддршка кон тоа дека Република Македонија се интегрира во тогашна СФРЈ. Мислам дека денеска повеќе од лицемерие времето и симболот на тоа време, односно за нас симбол на таа интеграција го сметаме за време на суверенитет ограничен на оваа држава, кога генералната и главната политика која што ја застапуваме ни се европски интеграции, зашто сигурно е дека ќе изгубиме и од политички и од боев и од економски суверенитет. Заради тоа мислам дека сето ова има две димензии кои што јас дури можам да ги оценам и да ги сфатам, не дека сум малку поумен. Има две димензии во оваа работа додворувањето пред Европа и збунувачка, забавувачка функција на домашниот пазар. Додворувањето пред Европа кажав како ќе не оценат, а исто така, и кај овие наши избирачи и граѓани ова забавување и збунување нема да им биде доволна компензација со нерешавањето на економските и социјалните проблеми.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, не сакам многу да навлегувам во расправа за Предлог-законот, за името, односно измената на името Титов Велес, затоа што, знаејќи како е донесено името, нормално би било и требаше на ист начин да се збрише еден дел од тоа име, односно да остане старото име со закон.  Сигурно дека предложе-

ниот закон е по сите процедури и деловнички, но во еден дел прво од причините во- образложението на Законот, не би се согласил, а овде беа доста елаборирани. И уште една работа за која што сакам да зборувам во делот на Предлогот на законот е она што ни се сервираше и за расправите во комисиите, но од Комисијата за политички систем го имате образложението има два става. Јас не знам кој им е оној правиот став во кој што во првиот дел Комисијата вели дека има потреба тој закон да се донесе, но да се причека заедно со решавањето на законот за општините, а нормално можеби утре ќе има потреба да се донесе закон и за имиња на улиците итн. И во тој дел ако веќе очекуваме побрзо да се донесе законот за општините, а сигурно ќе се наметне прашањето за донесување на закон за имиња на улиците и плоштадите, да не не е избрзано ако денеска донесеме еден закон за да ги оптовариме луѓето со нови намети. А тие намети ќе произлезат сигурно од промените на се она што е јавна исправа, можеби за една година на неколку наврати, што значи ќе има огромен трошок.

Мислам дека во овој момент на граѓаните од Титов Велес идеологијата повеќе им е во стомакот, односно социјалните проблеми што ги тиштат денеска, и порано сум зборувал па и сега велам дека Титов Велес е еден од најзагрозените градови од економски и социјален аспект. Тоа е заради тоа што е град што живее само од индустрија, а на сите вас ви е познато каква ни е индустрија, а бидејќи овие граѓани кои живеат, а Велес секогаш бил работнички град низ историјата, и живеел само од занаетчиство или она што било работништво што е и денеска, кое денеска не може да го остварува преку претпријатија што се во стечај или распаѓање, така денеска во Велес од општина која што има 67.000 жители, 14.000 се на Завод за вработување, 4.600 фамилии, се

работници и примаат социјална помош, и сигурно дека сега веќе имаме- четири - пет илјади стечајни работници, чиј број можеби и понатаму ќе се зголеми. Ако општината пред 5-6 години имаше 25.000 вработени, денеска е 17 .00 0 вработени. И во контекст на сето ова би сакал да кажам дека во овие тешки услови не им правиме уште едена намет на граѓаните. И можеби денеска ако веќе граѓаните не се определиле, а тоа можеше да се види и низ ТВ анкетата што беше направена пред неколку дена каде што еве да речеме можеби возрасните, борците, пензионерите се врзани за една идеологија која сега изминува, но некако и младината која што мислам не пати од една мината идеологија се изјаснуваше дека и е сеедно дали името ќе остане или нема да остане. Па според тоа не знам дали во овие услови, сега, веднаш да го примениме законот кој што се предлага, односно да донесеме укинување на еден закон со кој што на Велес му е додадено името Титов Велес, или пак да почекаме.

Ако на утрешната седница на Собранието на општина Титов Велес се расправа, ако луѓето и понатаму се изјаснуваат дека може да се прифати еден ваков предлог за измена на името, сигурно никој , па ниту јас како личност, а сметам дека многу малку сум оптоварен идеолошки, сигурно она што значи историја не можам да се откажам, но исто така , сигурно е дека помалку сум бил таму тогаш од некои други, но не ми доаѓа напамет тоа да го правам сега. Затоа мислам дека најпаметно ќе биде да почекаме малку, нека се изјаснат одборниците на Собранието, па да видиме, малку да се анимира граѓанствсто да им помогнеме во овој другиот дел, што значи опстојување на граѓаните на Велес во делот на економијата и екологијата кои што навистина денеска се проблеми, а сигурно ако тука им помогнеме ќе направиме многу побрзо, отколку сега да го промениме името, а да ги оставиме во онаа состојба во која сега живеат.

VI/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Стефановски.

**СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, не мислев да се јавам за дискусија, вака поттикнат од неколку дискусии сакам да кажам и малку да ја сменам темата, да ве одвлечам во некои други води кои што доволно зборуваат за едно време, за кое сметаме дека е надминато. Со рушењето во 1980 година на зградата на Народниот театар во Битола беше изграден спомен дом на културата, на истото место и ние вработените бевме убедувани дека тоа е нешто ново и дека битна е содржината, а не е битна формата. Значи не е битно али ќе се вика театар или дом на културата, туку суштината внатре останува иста. Тоа е земено од некој паланти, донесено во град со историско минато, со временски дистанци кои што зборуваат за тој град, за некои ненародни режими за кои што направиле театар, а ние во тие 80-тите години, само пред 15-16 години направивме спомен дом на културата, која што е веројатно пренесена не знам можеби од такви места кои што севкупниот, или можеби да асоцира на некои здружени домови, колкози, солхози и некои многу познати нешта што се случуваа во тие времиња. Се враќам, педесет и некоја година наназад на Титов Велес и ќе ви кажам дека може да се провери дека со одлука на Собранието на Титов Велес е укинат театарот со едно обично излагање пред одборниците дали на граѓаните им е потребен театар или канализација. И нормално луѓето гласаа за канализација а не за театар. Меѓутоа, согледувајќи ја нивната заблуда некаде 80-тите години беше вратен театарот и тој денес опстојува иако не под тие стандарди со кои треба да опостојува еден професионален театар.

Е сега малку ќе се вратам или сакам да кажам дека не знам кој ја донел таа одлука за менувањето на името на Велес во Титов Велес. Ако тоа го направи Собранието, логично е, ако е тоа заблуда, а сметам дека е тоа анахроно во ова време за што ние не може ќе да замижиме пред она што се случува денеска. Ако поминеме таму под даблите, без тоа, без разлика ако тоа го правеле и некои, тоа се вандалски чинови, меѓутоа, тоа го правеле и некои граѓани на Македонија. Значи, нешто се случува. Ние не можеме да замижеме пред таа вистина. Меѓутоа, сметам и нормално е да не потсетувам и на она што ни се случува во Републиката сега, некои кумови да доаѓаат од страна и јас не мислам исто дека ние треба да се јавиме во форма на кум на некои нешта, кои што самите себе се нарекле во тоа време и така мислеле. Ако е тоа заблуда, тие тоа треба да го санкционираат. Во крајна линија тоа се зборува и доколку намерно граѓаните сакаат, како потсетување на едно време, може има и заблуди намерно да се прават, тоа треба да го направат истите. Ако Собранието на Републиката, или тогаш Народното Собрание го донел тој акт, тогаш сум спремен да разговарам за сите оние нешта. Меѓутоа, за историјата, за улогата, за ова за она, знаете историјата е денеска е една категорија која што се проверува. Фактички ние учевме една друга историја. Тоа добро го знаете. Затоа тоа да го оставиме за еден друг простор и време за тоа да се разговара. Мене ми е многу битно и значајно ова да знам кој за тоа одлучувал практично, бидејќи сметам дека сите други, ако се додадат,конотации политички, историски, сето тоа ќе не донесе во една друга и деликатна и недобра ситуација. Времето на еуфорија помина. Во тоа се согласувам со Нано Ружин, да одлучиме оној што го ставил тоа име тој да расправа за тоа. заблудите да ги санкционира оној кој што ги донел во тоа  време,

веројатно ако и така мислел, веројатно и граѓаните така мислеле на Велес. Меѓутоа, да видиме тоа да го испочитуваме. Сметам дека предлогот на Аце Коцевски е нормално право како на секој граѓанин, и јас мислам дека е тоа анахроно и за сите оние слики и се она што беше случено, но тоа не значи дека по некој автоматизам тоа треба да се направи и тоа никако не би го прифатил. Ако сите републики тоа го прифатиле, не сум за тоа и ние веднаш така да постапиме. Граѓаните можеби поинаку мислат, можеби се зашто овој период од 45 години бил доволен, тие да се идентификувале со тоа име, и ако е тоа така јас би го испочитувал. Знаете еден период 45-50 години е голем период. Исто така во овој момент можеби е добро некој да ме упати во тоа зашто јас не го знам тој податок, се вклучив сега и не знаев, не го анализирав тоа, кој го донел и сигурно се знае кој би кумот во крајна линија и тој со закон тоа го направил.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници на почетокот треба да расчистиме една работа. За промената на имињата на градовите, бидејќи на многу дискутанти пред мене им беше јасно или не сакаа да кажат гласно и јасно, одлучува само Собранието на Република Македонија. Инаку ако не е така, уште утре Собранието на општиЕа Тетово ќе си донесе одлука и Тетово ќе се вика "Тетове". Сигурно, апсолутно. Она што го кажуваа пратениците од Титов Велес, не е вистина. Она што се чека мислење на општинското Собрание, не одлучува ама баш ништо не одлучува. Кажано е, референдум не постои. Значи или непознавање или има некоја друга работа. Во онаа другата

дискусија кога станувaше збор за идеологијата г-динот Нано Ружин ќе не натераше да се расплачеме за комунизмот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Изговарајте го на секого како што му е право името. Тој е Нано Ружин.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

А, Ружин, плаче за комунизмот.

VII/1 ЈМ/ЛБ

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ**: (продолжение)

Но, тој да го менува името на Свети Николе е малку тешко многу тешко бидејќи Свети Николе е уште 1282 година. Многу напори треба да направите и тешко ќе ви биде тоа да го смените.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Господине претседателе, драги колеги очигледно непредвидливо многу полемики предизвика овој Предлог закон и јас мислам од следниве причини. Најповеќе од следните причини.

Во образложението на законот што го дава предлагачот највеќе се алудираше, се базираше на некои поими како поинакви вредносни критериуми за мене неразбирливи, потоа баласти од култ на личност, предрасуди , хипотеки од минатото, идеолошки придавки и сл. Денешното образложение на предлагачот за мене сосема дијаметрално е многу добро на прикладен начин дадено, издржано и убеден сум дека ако тоа беше така и во сличен тон и начин дадено и во Предлогот дека немаше да биде таква реакцијата ниту на Чадиковски, ниту на некои други пратеници. Останува дилемата дали ова образложение треба да биде предмет на изјаснување на граѓаните на Титов Велес или не. Јас мислам дека е неспорно дека Собранието треба да го усвои овој закон, меѓутоа дали после добиеното изјаснување од граѓаните за чиј што град се работи. Тоа е само спорно, мислам не е спорно дали Собранието законот треба да го усвои, туку дали законот треба да се усвои онака како што е дадено во Законот за локална самоуправа после добиеното мислење од локалната самоуправа. Ако е тоа така тогаш неспорно е дека Собранието тоа треба да го направи, меѓутоа по добивањето на мислењето од страна на општината, градот Титов Велес.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би почнал со она што еден од дискутантите овде рече дека распадот на системот

поранешен барем во нашата држава се одвиваше на еден постепен и смирен начин што навистина ми е драго и што не не повлече онаа еуфорија која што беше во останатите поранешни комунистички земји на еден рушилачки начин се прават промените кај нас. Во прилог на ова и таа констатација оди во прилог на усвојување на овој закон, затоа што помина времето кога на еуфоричен начин поинаку би реагирале пред 4-5 години за ова прашање, а сега на еден посмирен , подостоинствен начин можеме да расправаме за законот кој што денес ни е пред нас. Самото тоа потврдува дека барем дел од граѓаните на Македонија расчистиле со таа идеологија од минатото и на еден достоинствен начин приоѓаат на сегашноста и на она како треба да се гради во иднина. Она што посебно ме заинтригира овде да излезам да дискутирам е прашањето почитувањето на мислењето на граѓаните на Титов Велес за кое што во една предизборна , изборна кампања би одело многу добро да им се додворуваме ним и да им кажеме дека ние ќе го почитуваме вашето мислење само она што вие ќе мислите, но треба да пријдеме и од еден друг аспект дека ние сме овде избрани како пратеници покрај другото и најважното да донесуваме одлуки, односно да одлучуваме самостојно. Ако одлучуваме тогаш треба да бидеме спремни да носиме и одговорност за она што сме го одлучиле. А сега во овој момент мое лично мислење е дека не треба да се криеме зад тоа дека ги застапуваме кобајаги нивните интереси, а ни е тешко да донесеме одлука. Сметам дека со тоа треба да расчистиме. Прашањето кое што наведува на референдум и прашањето на почитување на мислењето на тие граѓани може да не наведе на едно нешто друго, дали со тоа полека ќе воведеме практика дека воведување на референдум во било кое населено место ќе биде обврзувачки овде за нас, или уште повеќе да речам, дали тоа прашање нема да не вовлече со оглед на тоа што сме законодавно тело полека на прекутен начин озакониме нешто што ќе се

носи во одредени општини, или одредени области кое што сепак би било во спротивност со постојните законски решенија. Јас не сакам да го читам членот 23 од Законот за локална самоуправа кој што го донесовме овде пред извесно време во кој што е точно децидно речено дека со референдум се одлучува само за прашања кои што се надлежност исклучиво во надлежност на Собранието, односно на Советот на локалната единица.

Трета работа која што сакам да ја потенцирам, многу погрешно ми се чини е поврзувањето и криењето зад параванот за постојните социјални проблеми со кои што се соочува населението кај нас да го поврзуваме со прашањето на донесувањето на овој закон. Јас можам многу лесно да ви речам дека навистина граѓаните не ги интересира ништо друго и дека мене ми тежат проблемите на граѓаните кои што се од социјалната состојба кај нив и кај граѓаните ќе имам и за тоа оправдување . Ќе речат: еве го овој се грижи за нас. Но, само тоа е моментално заради тоа што во овој момент сакам да ги одвлечам на една друга линија и само со тоа ќе докажам дека не сум спремен во овој момент да одлучам за едно друго прашање.

И на крајот би завршил со следново, јас сум убеден дека ако денес не го донесеме овој закон, дека за скоро време повторно ќе расправаме за еден сличен ваков закон, но можеби само предложен од некој друг.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сепак да се обидеме да бидеме рационални, да бидеме конститутивни и коректни. Јас во мојата дискусија се она што ќе го речам ќе го базирам на два основа: искреноста и прагматизмот. Искреноста ќе ја потврдам веднаш со тоа што на минатата седница бев воодушевен и им завидував на колегите пратеници од Велес што за една многу непријатна работа

настапија многу организирано, единствено во интерес на граѓаните кои што ги застапуваат. Тоа можеби треба да биде еден модел на однесување партиската припадност и другите работи да ги оставиме малку понастрана ако сме избрани од народот, од граѓаните и сме негови експоненти. Денеска веќе имаме нешто поинаква положба што мислам дека исто така ќе можеме да ја надминеме, се работи за сигурно многу важна одлука, многу витална одлука и ако ние во овој период од 1990 година до денеска многу работи ги изменивме, многу работи сами се изменија, ни погодуваше и времето и амбиентот, меѓутоа не дадовме такво внимание веројатно понесени од она што значи самостојна независна држава. Нема причини сега да се препне- ме на прашањето на името на Велес, или Титов Велес.

Втората работа прагматизмот отворено ќе кажам дека на ова прашање никој не може да добие политички поени. Толку се различни мислењата и ставовите и мислам дека ќе биде заблуда ако некој мисли и со однесување и со оваа говорница дека ќе може својот рејтинг или воопшто на партијата да го подобри, или да го влоши. Исто и тоа е една објективност. Меѓутоа, не ни требаат тешки зборови, не ни треба филозофија од типот комунизам, посткомунизам и тн. Сите ние знаеме дека практично комунизмот во ниедна држава не заживеа. Тоа беше една идеологија многу далечна, многу идеалистичка. Така што тие тешки зборови исто така сега да ги идентификуваме , да ги поврзуваме со тоа ако го смениме името дека сме про, ако остане името сме за. Исто е, про и за, исто е. Во суштина имаме еден предизвик како Парламент до толку повеќе што името Велес во Титов Велес го има донесено со своја одлука Президиумот на Народното Собрание на Македонија. Сега дали тоа е во корелација со нашата позиција како Собрание, или тоа е сигурно посоодветно сегашната Влада, или поранешниот Извршен Совет. Веројатно во ниеден случај граѓаните на Титов Велес ниту биле

консултирани, ниту се изјаснувале со референдум. Името и делото на Тито сметам барем за оваа наша држава е безрезервно поддржано и практично секој кој што мисли поинаку практично не и мисли добро на историјата и самостојноста На оваа држава. Според тоа треба да ги издвоиме овие две работи. Убаво стои во образложението:за името на Тито историјата кажала и ќе кажува. Сега треба да бидеме практични, дали ќе останеме единствената Република со име на таков град, дали ќе правиме компромис да Собранието на Велес мимо уставните одредби и Законот за локална самоуправа се изјаснува што може да биде многу опасен преседан да до условите на локална самоуправа во иднина покрај правото на грб, знаме и сл. само по себе. се подразбра и промена на име на г градот. Би замолил да практично бидеме на нивото на нашата обврска со размислување што ќе значи и понатаму ова име , што ќе значи новото име, всушност старото и какви ќе бидат реперкусиите, или последиците пред се во Велес, Титов Велес сеедно и пошироко. Ако овој закон ни створи конфронтации во тој град, а има опасност тоа да се прошири партиски, идеолошки пошироко, не ни треба такво нешто. Ако овој закон значи дека е дојдено времето  созреани се условите да и Титов Велес си го поврати своето поранешно име,сум за една таква определба и за еден таков закон. Повторувам дека пратениците од Титов Велес треба да бидат поединствени во своите ставови, да не бидат оптеретени со изјави во медиуми кои што можат да бидат дури и контрапродуктивни затоа што во прашање се десетина личности, а Велес е сепак еден град кој што заслужува едно поинакво внимание. Според тоа дајте колеги пратеници сите особено драги велешани да на овој план што помалку тензии, што помалку надмудрувања да практично донесеме одлука која што ќе значи можеби во моментов нешто радикално, но во

иднина би значело сепак стабилизирање на нешто што понатаму веројатно ќе нема потреба да се менува.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, навистина како пратеник сум доведен во една раскрсница на размислување, се отвора една дискутабилна тема врзана со историја, врзана со ликот на Тито, па како пратеник се доведувам во едно дискутабилно прашање. Дали јас утре треба од оваа говорница да поднесам закон за сите оние корисници на стипендијата на Титовиот фонд од минатото да ја вратат назад и да се даде во интерес на социјалата и социјалните работници на оваа нова држава. И дали со ова не ќе дојдеме во ситуација на привилегираност на одредени корисници на тој фонд кои дебело денес се противници на еден лик од минатото.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници ако од било кој аспект го посматраме ова прашаше, било теоретско, било политичко, било европеизирано, било не знам како, тогаш треба да го посматраме и ова овде што стои и она што стои горе, грбот. Сето тоа ако е тоа баласт . Јас не чинам дека е тоа баласт. Јас чинам дека е тоа една навика од 50 години на луѓе кои што се родија одраснаа и умреа во оваа земја и мислам дека нема потреба да се расправаме многу. Јас да речеме не би сакал да се упуштам во некоја теоретизација зошто? Ако прошетаме цела источна Македонија, од град во град, од школо до школо, од фабрика во фабрика, па не ни смета таму има слики на Тито. Западна Македонија, па појдете да речеме во Струга Еуротел, перфектни слики има, па не ни смета ништо. Зошто да не? Затоа јас викам баласт е ако имаме жиг на нашата лична карта некој друг грб и овој грб да го тргнеме, па името на Тито и зошто да не? Сега ептен ќе го направиме, ќе го направиме како што направија Русите таму, овие

филмови што ги гледаме. Па спорел тоа сум за тоа да не се занимаваме повеќе со ова праша&е, да остане како што е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за изменување на Законот за подрачјата на општините во СРМ.

Кој е за молам да крене рака?

Г-динот Никола Поповски бара збор. Г-динот Поповски сака да објасни зошто ќе гласа така како што ќе гласа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Кратко и јасно, ќе гласам за предлогот за донесување на закон, меѓутоа понатаму нема да гласам на истава седница да го гледаме и Предлог законот и нема да гласам ако евентуално се усвои тој предлог и за Предлог законот. Ќе гласам само за да го отвориме ова прашање и мислам дека би било добра , фер и законска процедура од страна на ова Собрание понатаму процедурата да продолжи во Собранието на локалната самоуправа на општина Титов Велес по добивањето на мислењето втората фаза да ја гледам на Собранието. Значи ќе гласам за само за да се отвори прашањето, а понатаму мислам дека е добро да го сочекаме мислењето на единицата на локалната самоуправа затоа ќе гласам само во оваа фаза за Законот,за.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор ? (никој) Пак ќе ви го прочитам заклучокот.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за подрачјата на општините во СРМ.

Кој е за молам да крене рака ? (33 пратеници)

Констатирам, дека заклучокот не е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

**5** - Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, со Предлог на закон.

Предлогот аз донесување на закон, со предлогот на закон извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата на РМ, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за социјална заштита.

Кој е за, молам да крене рака.

37 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Јас како претседавач имам право да побарам поединечно изјаснување, да видиме дали навистина толку гласа или е некоја грешка во пребројувањето, затоа што нешто поскоро се броеше, некои испуштаа, некои дигаа раце и дали е утврден истиот број.

Молам, секретарот нека спроведе поединечно гласање.

VIII/2

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | против |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | не е тука |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | не гласа |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | против |
| 8. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | против |
| 9. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | против |
| 10. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | за |
| 11. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | за |
| 12. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | за |
| 13. ИВАН БОЈКОВ | против |
| 14. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | за |
| 15. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | не е тука |
| 16. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | не е тука |
| 17. КИРЕ ВИДИМЧЕ | воздржан |
| 18. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | не е тука |
| 19. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | не е тука |
| 20. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | не е тука |
| 21. ТУШЕ ГОШЕВ | не е тука |
| 22. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | против |
| 23. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 24. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | не е тука |
| 25. ЛАЗАР ДИМОВ | против |
| 26. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | не е тука |
| 27. НАСЕР ЗИБЕРИ | против |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | не е тука |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | не е тука |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | воздржан |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | за |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | за |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | за |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | за |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | за |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | против |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | не е тука |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | не е тука |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | против |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | не е тука |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | не е тука |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | за |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | против |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | за |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | не е тука |
| 51. РИСТО МАСЕВ | не е тука |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | за |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | против |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | не е тука |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | не е тука |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | за |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | за |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | не е тука |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | не е тука |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | не е тука |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | за |
| 70. РУФИ ОСМАНИ | за |
| 71. БОРИС ПАВЛОВ | за |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 74. МИРКО ПЕЦОВ | не е тука |
| 75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | за |
| 76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 77. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 78. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ | против |
| 79. НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ | против |
| 80. АБДУРАУФ ПРУСИ | за |
| 81. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 82. САЛИ РАМАДАНИ | не е тука |
| 83. ХИСЕН РАМАДАНИ | за |
| 84. МИТКО РИСТЕВСКИ | воздржан |
| 85. НАНО РУЖИН | воздржан |
| 86. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | не е тука |
| 87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 88. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | за |
| 89. КИРИЛ СПАСОВСКИ | не е тука |
| 90. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | не е тука |
| 91. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 93. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 95. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | за |
| 96. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 97. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | воздржан |
| 98. МЕВЉАН ТАИРИ | не е тука |
| 99. ВЕЉО ТАНТАРОВ | за |
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | воздржан |
| 101. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | за |
| 102. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | не е тука |
| 103. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | воздржан |
| 104. МИЛЧО ТРАЈКОВ | против |
| 105. РИСТО ТРАЈКОВ | воздржан |
| 106. МИРКО ТРИПУНОСКИ | за |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 108. РАМИ ТУДА | не е тука |
| 109. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | за |
| 110. СЕФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 111. ЌЕНАН ХАСИПИ | за |
| 112. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | против |
| 113. СЛАВЧО ЧАПОВ | не е тука |
| 114. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | не е тука |
| 115. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | не е тука |
| 116. АРБЕН ЏАФЕРИ | не е тука |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | не е тука |
| 118. ЗОРАН ШАПУРИЌ | воздржан |
| 119. ИСНИ ШАЌИРИ | не е тука |

Дали има некој што не гласал? (не)

**СТОЈАН АНДОВ:**

69 пратеници гласале вкупно.

"За" гласале 39, против 18, а воздржани 12.

Според тоа, констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**6 точка** - Предлог за донесување на закон за изменување на законот за гаранција на РМ за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993,1994,1995 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата на РМ ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Комисијата за финансирање и буџет предлага Собранието да не го усвои предлогот за донесување на закон од причините изнесени во извештајот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Претходниот закон беше многу практичен во интерес на граѓаните, ама се чини дека пак ќе мораме по 6 месеци да поднесуваме некои измени заради тоа што тие граѓани ќе дојдат во Скопје еве нас пример од Дебар или од Валандово во колица да ги докажуваме дека се шлогирани. Тоа мислам нека остане кај вас пратениците, нека ве мачи, нека ве мачат граѓаните таму, како ќе одлучувате и што ќе правите. Тоа мене не ме интересира, јас како пратеник дадов што дадов. Меѓутоа, кога се однесува за овој закон што е предмет за дискусија, кое ми беше целта.

Очигледно дека самиот закон кој беше донесен во рамките на 1994 година, тој практично завршува со 31 декември 1994 година така да граѓаните практично во наредниот период не би имале можности да ги користат сите овие права што беа лоцирани во тој претходен закон. А, знаете кој се права беа, морам да признаам дека нашето Министерство за финансии и Владата, па и државата направија големи напори за нашите граѓани да дел од средствата што беа заробени во банките ги повратат на граѓаните преку разни форми, тоа го чинат. Гледате дека е

направени околу 408 милиони марки потрошени за овие неколку години. Меѓутоа, проблемот е во тоа што зошто јас го иницирав овој предлог да поднесам ваков закон, затоа што сметав Владата во еден период кога веќе треба да се предложи законот беше, да не речам, неактивна во овој дел а во меѓувреме се носи и Буџетот, така да овој закон е многу врзан за овој Буџет. Ако се усвои Буџетот со оние 338 милиони марки, за оваа намена тогаш нормално дека законот практично што го предлагам јас и она што го предлага Владата има можност да се реализира во делот.

Мојата цел беше, имајќи ја во предвид целокупната структура на корисниците нас овие права, преку моја директна сондажа дојдов, а во извештајот на Владата гледам дека го нема тоа, дека оние стотина марки што се даваат на име на социјалниот елемент се доаѓа во ситуација дека најмалку учествуваат во вкупната структура на поторшени средства. Што значи дека парите што се потрошени за оваа намена ги трошат оние кои имаат големи пари. Тоа значи оние кои имаат да купат големи дуќани, да купат станови, да водат бизнис итн., меѓутоа ако се работи за овие стотина марки, мислам дека најмал број граѓани тоа го користат.

Во таа смисла предложив еден ваков закон со тоа да се измени социјалниот статус, да се врати достоинството на граѓанинот заради тоа што тој граѓанин е доведен во ситуација преку Центарот за социјална работа кој досега, да ви кажам, најквалитетно ја обавува оваа работа, благодарение и на одлуката што е донесена од страна на нешто Министерство за труд и социјална политика, која исто така има одредени критериуми, се доведовме во ситуација тие да прибираат најмалку 10-15

документи за да дојдат до одредени пари. Имајќи ја во предвид положбата дека голем број на тие категории на граѓани за овие две три години ги истрошија парите кои беа во рамките на 2000, 1000 марки дојде во позиција онаа таканаречена наша средна класа која во социјалистичко време ја третиравме, сега таа класа се изгуби и да не кажам дека двајца професори или двајца наставници кој што се наоѓаат во училиштето, кој примаат вкупно 15 или 16 илјади денари, заради критериумите не се во можност да ги користат овие стотина марки.

Меѓутоа, јас направив консултации со Министерството за финансии и тие предочија дека тие ќе поднесат закон и гледам дека законот е веќе во процедура. Поквалитетно е сега да го повлечам овој закон заради тоа што се работи за една мала измена во однос на стотина марки, а да предложам амандмани кој ќе бидат на законот поднесен од самата Влада. И, во таа смисла, моите амандмани кој се поднесени и кој се составен дел на тој закон мислам дека ќе бидат на 27 разгледувани и тогаш ќе дадам посебно образложение.

Во овој случај, бидејќи комисиите така инсистираа овој закон да се гледа заедно со Законот за Владата, така да овој закон го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Убедливо повлекување.

**7 точка** - Предлог за донесување на закон за јавни патишта.

Предлогот за донесување на закон, извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратеникот Џеладин Мурати ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара~ збор?

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници.

Целосно се согласувам со потребата и причината од донесување на овој закон. Сметам дека тоа е насушна потреба во областа на изградбата и одржувањето на магистралните, регионалните и локалните патишта а веќе со овој закон и на улиците по општините. Исто така основните начела се во согласност со Уставот и кореспондираат со суштината на содржината на текстот на законот. Во функција во поддршка на овој закон, сакам да истакнам неколку моменти во однос на управувањето со фондот за јавни патишта како и во однос на финансирањето на јавните патишта, каде што сметам покрај организациски момент, се најбитни и на суштински односи кои се регулираат со овој закон. Сигурно забележавте дека развојната политика, односно нејзиното утврдување и управувањето со органите за јавни патишта е целосно во ингеренции на Владата на Република Македонија. Ве потсетувам за една споредба во однос на постојниот закон дека инстанца на овластување во делот на развојната политика и во делот на програмирањето на патишта досега имаше на Собранието на Република Македонија. Овластување како ова не треба барем орган каде сме ние членови по вака суштински развој на дејност и област да се поместува исклучиво во извршната власт, односно во Владата и се залагам во делот на утврдувањето на развојната политика, во делот на верификацијата на програмите за регионални и магистрални патишта, еве нека биде аспектот на информирање и запознавање на овој орган на Собранието на Република Македонија предлагачот во поднесувањето на Предлогот на законот да има во предвид поместување на таква содржина која ќе значи инстанца на овластување на Собранието во однос на изградбата и одржувањето на регионалните и магистралните патишта. Не треба повеќе аргументи да укажувам како членови на парламентот што значи тоа за нас како пратеници во нашата втора

функција покрај членови на застапување на интересите на граѓаните од кои сме бирани.

Вториот момент е во делот на управувањето целосно во управниот одбор на фондот се делегираат односно именуваат членови од Владата Можеби незабележително но автоматски оваа Комисија за избор и именување на Собранието кое што ја води мојот почитуван колега Наќе Стојановски станува беспредметна во нејзиното одлучување во изборите и именувањето на јавните функции. Бројот од 9 члена е мал за управен одбор на ваков фонд, а второ, сметам дека именување треба да врши на предлог на оваа Комисија и Собранието од одреден број на членови на Парламентот во управниот одбор на Фондот за патишта ви-за-ви претходно искажаното образложение за учество и овластување на Собранието во магистралните патишта

По однос на финансирањето сметам дека делот на локалните патишта процентуално треба да се зголеми ако не повеќе барем во исто соодносот како и финансирањето на улиците, бидејќи состојбата како со улиците така и со локалните патишта во Републиката е незадоволителна така да соодносот да биде 60-20 со 20. Мислам дека еден многу крупен проблем што досега во праксата на финансирањето на магистралните и локалните патишта е присутен делот на професионалниот орган што ја извршува дејноста јавни патишта, досегашниот Републички СИЗ за патишта, тоа е прибирањето на средствата прво во Буџетот на Републиката, потоа нивно распоредување во Фондот за патишта, досегашен Републички СОЗ за патишта. Мислам дека по практично по економично решение би било ако се утврди процентот на пример од акцизите кој е делот кој оди за јавни патишта, а со тоа директно преку надлежните служби да биде приход на Фондот за патишта. Истото тоа важи и за другите извори од кои што се финансираат јавните патишта.

IX/3.-

Ова е многу практично и реално прашање и сметам дека само натрупвуање и преклопување на инстанците на собирање и распоредување на патишта стои по мене една непотребна инстанца на собирање на тие средства кои што се со намена за јавни патишта прво во Републичкиот буџет, а потоа распоредување во Фондот за патишта, што досега, ќе повторам во практиката имаше доста проблеми по однос на истата.

Уште еднаш ќе кажам дека заложба ми е овој закон го предвидат што побрзо да оди затоа што по општинските сизови за патишта немаат ниту Собрание, ниту извршни одбори оставена е работата само на едно лице тоа е секретарите кои што располагаат со големи износи на средства и тоа е еден простор и за манипулации во оваа област, ви-за-ви што значи незавидна положба со локалните патишта и улиците по општините. Се залагам за побрзо донесување и побрзо предлагање на овој закон.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Ценејќи го трпението кое ни е при крај јас ќе кажам едно две мали забелешки предлогот што ќе се донесе како предлог закон да биде што подобро.

Прашањето ми е во смисла на тоа што се смета за она што е регулирано со член 4, изградбата реконструкцијата, одржувањето и заштитата, јас кажувам, а не како што е во законот, тоа да биде изградбата реконструкцијата, одржувањето и заштитата на патиштата дека се дејност од јавен интерес за Републиката. Значи за сите патишта, не само така наречените јавни патишта, бидејќи ова ќе го кажам и од тој аспект затоа што и во текстот каде што се зборува дава објаснување за тоа што се смета јавен пат, мислам дека оваа моја заложба кореспондира, односно се согласува, бидејќи во член 3 точка 2 јавен пат

е изградена сообраќајна површина од општо значење. И понатаму има една дерегулација мислам дека изградбата и одржувањето на сите патишта треба да е од општ интерес за државата. И она што е речено во член 5 сметам и се залагам за тоа во предлогот да излезе дека јавни патишта се сите патишта на територијата на Републиката, а не како што е речено тука само автопатиштата, магистралните, регионалните и локалните патишта. Сите патишта на територијата на Република Македонија.

Уште нешто сакам да кажам, а тоа е прашањето по однос на формирањето на фондот. Се согласувам фондот да се формира, меѓутоа мислам дека можеби треба да се види како што стои ги делиме патиштата на локални и јавни и магистрални и т.н., мислам дека би требало да стои дека на ниво на општина постои и општински фонд за патишта, а не ан ниво на Република за оние патишта што се од републички карактер. Фонд на Републиката за патишта, а оние што се во општините општински фонд. Мислам дека подобро ќе биде организирана работата и т.н.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги. После кажувањето на колегата Минов, немам многу што да кажам, па само би дал едно образложение, односно појаснување во делот на процентите каде беа предложени зголемувања на процентот за изградбата на локалните патишта, во однос на улиците делот кој е предложен за магистралните патишта. Улиците се градат по градовите по собирање на комуналии и истакнување на фирмите. Во населените места локалните патишта не остана кај народот пари за да можат да се градат. Овој процент предложен од Минов јас би предложил да биде зголемен на 25%, со тоа што делот за улици да биде 15% и 5% се одземаат од делот на магистралните патишта, односно тој да биде 60%.

Ќе се создаваат услови селаните после да молат кај претседателите на собранијата односно градоначалниците за да можат да стасаат до својата порта и до својот дом. Еве конкретно за Струмица 50% од селските патишта не се асфалтирани. Тоа е прилика преку овој закон да може и овие улици да бидат асфалтирани и во другиот дел да се создадат услови. Еден пример од Ново Село до Радовиш селскиот пат односно селските улици за 9 месеци имаат направено 111 сообраќај- ни незгоди само во тој дел затоа што улиците не се приспособени да го примат овој сообраќај кој сега се одвива.

Уште една интервенција предлагам во членот 36 каде се уредуваат прописите за техничките елементи на јавните патишта, освен министерот за одбрана и министерот за внатрешни работи да биде вклучен и министерот за урбанизам бидејќи Министерството за урбанизам ја издава локацијата за градба на патиштата. А во локацијата се кажани условите од кој ќе се гради патот односно улиците. Таму се содржани попречни профили, надолжни профили, а мислам дека министерот по урбанизам, односно од подрачните единици се најсоодветни и повикани во таа област.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитувани пратеници јас вака накратко ќе изнесам две групи забелешки, што сметам дека се начелни, во врска со Предлогот за донесување на закон.

Првата група е прашањето на односите помеѓу фондот и јавното претпријатие, од едната страна и од другата страна општините, односно единиците на локалната самоуправа.

IX/6.-

Втората група од забелешки е финансирањето на јавните патишта.

Што се однесува до првото прашање, сметам дека во Предлогот не постојат соодветни механизми макар консултативни во врска со корелацијата на спомнатите субјекти, односно органи, иако знаеме дека законот за локална самоуправа е многу дециден, особено членот 17 точка 6 каде децидно се наведува дека единиците на локална самоуправа самостојно ги уредуваат и организираат градењето и одржувањето на локалните патишта.

Сметам дека ако се изврши една анализа по должина на патиштата локалните патишта чинат некаде 80% од патиштата во државата. Ако е така, тогаш се поставува прашањето зошто не се вградува соодветен механизам за регулирање на односите на корелација помеѓу фондот, јавните претпријатија и единиците на локалната самоуправа, туку едноставно ним им се дава 15% што сакаат нека прават со тие пари.

Што се однесува до второто прашање во врска со финансирањето на јавните патишта, во Предлогот стои дека тоа се создаде од 14 извори кои таксативно е набројани во предлогот. Од тие 14 извори, само од два извора можат да се финансираат, односно се финансираат и локалните патишта, додуше се работи за важни извори, тие се дел од акцизата од нафтените деривати и второто годишниот надоместок за регистрација на возилата , меѓутоа, не треба никако да се занемари и точката 13 каде се именува и кредитот, односно заемот земен од веројатно, меѓународните институции и сметам дека тука фактично ние можно е да се претвориме во транзитна држава со мошне развиени автопати каде сите ќе транзитираат, а вкупната состојба на локалните патишта ќе ни биде несоодветна.

Од овие извори, два извора што ги спомнав е определено 65% да се предвидат за регионалните и магистралните патишта, 15% за локалните и 20% за улиците. Ако се земе предвид просечно колку можеме да земеме кредит, јас сметам таа стапка од 15%, може слободно да се каже дека реално ќе се намали од 7 до 8%.

Ако поаѓаме од тоа дека експертите предвидуваат дека Македонија економски има перспектива како модерна аграрна држава, со можно големо производство на здрава еколошка храна, тоа значи дека стратешки треба да се свртиме кон ревитализација на селото, а без комуникации тоа апсолутно не е возможно, тогаш го поставувам прашањето дали сум во право кога велам дека многу лесно можеме да се претвориме во транзитна држава. Тука е реалноста дека со години се напушта селото и масовното напуштање на селото предизвикува вакви последици. Прво, претставува социјални проблеми, затоа што луѓето што ги напуштаа руралните средини, тие ќе побараат вработување и т.н., потоа се зголемуваат урбанистичките и комуналните проблеми, затоа што ќе се бара плац, ќе се гради куќа , станови и т.н., ќе се стеснува плодното земјиште, а од друга страна ќе се намалуваат земјоделските и сточарските производи, а исто така треба да се каже дека остануваат неискористени патиштата како не баш незначајни ресурси кои во западните земји и те како се запазени. Дури и каде постои една куќа која е определена за земјоделска или сточарска дејност, државата без оглед на тоа дали се исплаќа или не ќе му го изгради патот до таму.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед на тоа дека е доста веќе кажано јас ќе бидам краток, и со голем дел од овие

дискусии се согласувам , меѓутоа би сакал да потенцирам една појава со која се повеќе и повеќе програмите одат не само од оваа област во надлежност на Владата, така да една пракса која 20 години беше присутна овде програмите за патната мрежа да ги усвојува Собранието, со овој предлог за донесување се предлага Владата. Јас мислам дека ова е неодржливо и дека треба овие сугестии да ги земеме сериозно во предвид и овие програми да ги усвојува Собранието и тоа мислам без никаква дилема и без никаква алтернатива, бидејќи Собранието ако по една ингеренција оди кај Владата ќе се дојде до ова не само што го кажа Панче Минов во врска со Комисијата, ќе се доведе и ова Собрание во прашање, ќе нема за што да одлучува и за битни работи нема да одлучува. Затоа сметам дека овие програми исклучиво треба да ги донесува Собранието како и членовите на Управниот одбор на Фондот да ги избира исклучиво Собранието, а не Владата, бидејќи овој закон на неколку места дава преголеми ингеренции на Министерството и на Владата на сметка на Собранието.

Х/1.- НН/ЉР

**ЗОРАН ШАПУРИК: (**продолжение)

Инаку, овој закон се чека 5-6 години. Каде се чекал 5-6 години може да причека уште неколку месеци, па да оди во три фази, а не во две фази, како што заговараат некои, бидејќи регулира една доста сложена материја. Од овие причини сметам дека треба да оди во три фази, а никако во две фази.

Овој закон предвидува некои нелогични работи, меѓу кои дека сите јавни патишта се добра во општа управа со државна сопственост, што е неодржливо бидејќи дека, на пример, кај локалните патишта во поголем дел учествува локалната самоуправа во финансирање на овие патишта, во помал дел учествува државата, а најголемиот дел самите граѓани со самопридонес ги собираат овие средства. Па, не знам од каде би бил тој државен сопственост доколку самите граѓани го градат. Така да, многу пологично локалните патишта да бидат во сопственост на локалана самоуправа, па дури и на месните заедници доколку тие ги утврдуваат.

Исто така, овде е ставено дека проценетото и критериумите за утврдување на одделни категории на патишта ги утврдува Владата, значи со некој подзаконски акт. Критериумите за утврдување на одделни категории на патишта мора да се утврдуваат со закон,а не со подзакоснки акт на Владата. Тоа е исто така една нелогичност, така да во понатамошната постапка ова би требало да се исфрли.

Исто така, не е доволно јасно кај концесиите кои се тие критериуми. Ставени се некои општи критериуми. Тие треба да се прецизираат, на кој начин треба да се даваат овие концесии и кој точно одлучува. Овде исто така преголеми се надлежностите на Министерството, а би требало да бидат на Владата.

И околу постапката треба да се разработи бидејќи знаеме дека во вакви случаи секогаш е предвидено доколку не се јави и на вториот повик, а овде е кажано "доколку не се јави на конкурс" не се кажува ни колку дена, веќе може да се оди на непосредна спогодба што неосновано остава некој простор за некои сомневања и евентуални неправилности во работата. Затоа би требало оваа постапка строго да се разработи, како што имаме и други слични постапки во овие прилики.

Инаку, законот може да преставува и само израз на желба во некои делови, бидејќи нашата патна мрежа е доста лоша, било да е регионална, било магистрална, било локална. Од една страна таа патна мрежа е во катастрофална ситуација, доса лоша ситуација, во некој подрачја нема никаква патна мрежа, а од друга страна се инсистира на убави критериуми, замислени, меѓутоа кои во праксата се неизводливи. Не секогаш изводливи, мислам во поглед на широчината на патишта и сл. Населението кое што нема никаков пат би било задоволно, се разбира незапоставувајки ја безбедноста на сообраќајот и со многу поскромни патишта, а не со вакви строги критериуми кој во праксата се неостварливи и ќе преставуваат само едни убави желби.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас можам да зажалам ваков сериозен повеќето што ќе треба да го поминеме многу брзо со оглед на амбиентот и на нашата денешна ангажираност или не продуктивна ангажираност, но што е тоа е, прво фаза е, ќе имаме прилика и понатаму.

Сметам дека ќе беше многу корисно на г-динот министер да му помогнеме со наши сугестии, дотолку повеќе што оваа сфера е една од оние што кои што ние како пратеници многу често се среќаваме, се судруваме во нашата секојдневна активност како пратеници, бидејќи прашањето за пат, вода,верувам дека со електична енергија и

напојуваше немаме проблеми,но јас би дал поддршка на неколку работи кои што моите колеги претходно и актуализираа.

Тоа е прашањето на концентрација на моќта и на ингеренциите во едно место, министерство - Влада, каде што ова Собрание останува на маргините од она што значи негово влијание и наше влијание. Во тој пролед мислам дека Минситерството треба да размисли малку, затоа што за жал не значи некогаш концентрација на сите ингеренции и услов дека сигурно сето тоа успешно ќе се раководи.

Втората работа, е она што значи органи на управување, управни одбори и сл. Давам поддршка да во сето тоа поголемо влијание има Републичкото собрание.

Во членот 5 г-дине минситере не ми е јасно зошто се издвоени од категоризација селските патишта. Нека се размисли за тоа, нека се види, затоа што тоа е многу широк и релативен поим. Ние имаме и ќе имаме локална самоуправа каде што седиште ќе биде некое село. Според тоа согласен сум дека шумски патишта не може да се категоризираат, индустриски и земјоделски, меѓутоа селски може . Тука да се направи некој напор за да селата не ги деградираме и не ги оставиме на некој начин на маргините.

Делот кој што е нов, кој што преставува можеби најинтересно поглавје, прашањето на концесии треба да биде уште повеќе привлечно за идните концесионери. Да биде атрактивно, да биде стимулативно, па дури и со подолги рокови. Предлагам роковите и за автопат и за делови да бидат изедначени, без оглед на идејата дека се работи за различни категории на патишта и различни интереси.

X/4.-

Прашањето на финансирањето сигурно дека е основно прашање, затоа што сето ова тука не ќе може да се реализира ако немаме сигурни и легални извори на финансирање.

Јас не сум загрижен многу од изворите на финансирање. Државата секогаш ако сака може тоа да го направи. Повеќе јас би укажал на начинот на контрола над трошењето на овие средства и нивното прибирање особено она што значат главни извори на приходи. Тие, така да ги речам "ѓаволски акцизи, да извините секаде ни служат и како адути, а секаде и најповеќе даваат можност да бидеме разочарани, или дури да манипулираме со нив. Тоа е најголемата ставка и за мене не е проблематично некој колеги што дискутираа тука дали да биде 15 или 20% за локални патишта и обратно . Ако таа маса на средства се собере не е проблем да се најде компромис, да се најде и заеднички јазик со ресорното министерство.

Ова се моите основни забелешки со тоа што ќе нагласам дека сепак ние како магистрална мрежа, па дури и како автопат не стоиме толку лошо колку што ни е лоша состојбата со локалните особено со селските патишта.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници,

Анализирајќи го предлогот за донесување на закон за јавни патишта, а и од секојдневната пракса мислам дека се појавува еден дополнителен проблем во врска со патиштата односно во јавните патишта.

Со изградбата на автопати односно магистрални патишта сега имаме една категорија на патишта која се нарекува по овие стандарди регионални патишта кои останувааат споредни патишта, сосема споредни,

меѓутоа имаме уште една друга појава каде што во извесно време некои регионални патишта беа скоро споредни односно доста запоставени, а со изградбата на новите магистрални патишта веќе се оптеретуваат затоа што се инсталирани на овие магистрални патишта односно автопатишта наплатни станици. Јас ова ќе го илустрирам со еден пример.

Стариот пат Скопје - Куманово, односно Куманово - Скопје додека автопатот немаше наплатна станица овој пат многу малку се користеше. Запоставен беше и во тоа што немаше одржување, реконструкција итн. Сега, наеднаш кога се ставија наплатни станици многу е фреквентен и не одговара на условите, бидејќи се појавува таа фреквенција одеднаш, дури и странци кога доаѓаат, посебно од источните земји, кои сакаат да избегнат плаќање на наплатните станици ги користат ваквите патишта. Тие непознавајки го патот добро поминуваат низ густо население места и создаваат проблеми до таму што некои плаќаат со човечко животи. Затоа, овој предлог на закон мора да се предвидува и овие патишта односно оваа категорија на патишта биде под еден перманентен надзор и од сообраќајна полиција и од тоа што е реконструкција, одржување. Овие патишта низ населените места каде што поминуваат, низ сред населено место нема никакви тротоари. Значи, непостои ни категорија тротоар. Покај тие патишта поминуваат деца кои одат на училиште итн. и веќе во секојдневјето ни се случуваат несакани настани. Уште еден момент би спомнал. Додека беа запсотавени овие патишта, дури беа запоставени и населените места односно села што беа покрај овие патишта, затоа што не беа поврзани тие села со патишта, токму затоа што патот немаше никаква фреквенција.

Исто така, при нивното одржување тој истиот пат донекаде ја стигнува ингеренцијата на општината, за истиот пат регионален, затоа

што во исто време тој регионален пат е и општински и регионален и при одржување и реконструкција секогаш имаме некое оправдување па донекаде треба да го одржува општината, донекаде Републиката итн. и така остануваат запоставени ваквите патишта.

Јас мислам, бидејќи е во фаза на донесување овој закон предлагачот ќе ги има во предвид сите овие мои сугестии .

**ФАИК АБДИ:**

Г-дине претседателе, дами и господо пратеници,

Морам, да признам дека овој закон за јавни патишта како да ми мириса на Запад. Како да почнавме малку да се европизираме. Тоа не е лоша работа. Мислам дека Владата добро го направила ова односно надлежниот министер. За прв пат гледам вакво нешто. Ова е компарабилно на Европа. Ќе кажам само еден пример што се однесува за железничкиот сообраќај. Некаде 1987 година требаше едно големо културно уметничко друштво да оди на Шпанска граница на фестивал ДАКС и ОРТЕС. Нашите од Феротурист ни викаат само до Бордо има железница, понатаму нема. Кога отидовме таму, со автобус отидовме, имаат утовар, растовар, храна колку сакаш. Се електифицирана железница. Значи колку многу сме знаеле. Премногу сме занеле, ништо не сме знаеле. Или пак, уште еден пример. Живее во Австралија некој пат треба да се поправи, од 2-3 км. Петок, сабота, недела затворено, направено во понеделник поминуваш со кола и се е готово. Кај нас еден месец ќе се влече таа работа.

Ова овде што го гледам во таблеар на наброени патишта, јавни патишта се и улиците во населени места и градовите. Мислам дека и за мене ќе биде добро и за моите деца и за моите внуци. Што е тоа тротоар - не знам. Јас сакам да има тротоар. Улица е површина во населено

место наменето е за сообраќај што ја сочинвуаат коловоз, тротоари, велосипеди итн. Јас само би барал, знам за сето ова се потребни огромни средства, огромни кредити, огромни давачки, огромни откажувања од било што, меѓутоа ако сакаме навистина да ја стопираме миграцијата село - град ние мораме ова да го постигнеме. Да си го оставиме како задача дека мораме. Само да направиме годишни транши онакви какви што можеме, колку што ги има Министерството и што може да добиеме средства како кредит. Јас навистина им завидувам на овие предлагачи на планот и јас им верувам многу за ова. Се надевам дека многу искрено ќе ме разберете и верувам дека и народот ќе биде задоволен од ова. Ние му служиме на народот и со ова гледам дека веќе почна онаа граница да се издвојува. Овие се господари, овие робови. Господарите во центар се навикнати само со шимиц и пеле, така викаат Србите, а овие во провинција само чизмите и ништо повеќе. Ајде малку да им го подобриме животот.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, колегата Фаик Абди кажа една голема вистина дека предлогот за донесување на закон за јавни патишта навистина е подготвен по еден Европски урнек. Јас му давам целосна поддршка на овој предлог и ќе гласам за неговото донесување. Ќе гласам од две причини.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ќе гласам затоа што се надевам дека по неговото донесување ќе бидат создадени подобри услови за изведба, реконструкција и одржување на патната мрежа во нашата држава и што е најзначајно, по напуштањето на СИЗ-овското работење во системот на јавните патишта во нашата држава ќе се обезбеди едно подобро и поправично инвестирање во изградбата, реконструкцијата и одржувањето на јавните патишта во нашата држава.

Второ, ќе гласам за донесување на овој закон затоа што повторно ќе го цитирам господинот Фаик Абди, затоа што ова е веќе европски закон и ќе гласам затоа што се надевам дека сепак некој ден ние како пратеници, како претставници на нашиот народ ќе гласаме и ќе расправаме за некој од многуте не донесени закони за нашиот аграр. Ќе гласаме сигурно за законот за води, за законот за тутун, законот за шуми, законот за пасишта, законот за промет со земјоделско земјиште, законот за задругарство, законот за ветеринарство и многу многу други закони со кои треба да се регулира работењето на нашиот аграр. Се надевам дека министерот за земјоделство по неговото враќање од Европа ќе ни донесе некој европски модел на овие закони, верувам во ова Министерство.

Инаку, од подрачјето од каде доаѓам има шеесетина села, мислам дека ќе треба да слуша министерот за сообраќај од овие шеесетина села половината на прагот на XXI-от век со светот се поврзани со, како што рече колегата Стојановски, селски патишта, макадам, со патишта што се градени за време на Првата светска војна. Ако државата не стави рака овие села и понатаму асфалтот ќе го сонуваат уште 100 години. Се надевам дека, ако овој закон се донесе многу брзо, Битолско Мариово брзо ќе го добие својот асфалтен пат. Ветувањето на министерот за

сообраќај и врски дека годинава ќе почне градењето на овој пат што еднаш конечно и Мариово ќе го поврзе со светот, наскоро ќе се оствари.

Исто така се надевам дека асфалт ќе добие и едно место под Кајмакчалан Скочивир, овој пат одамна се гради, меѓутоа, никако да се догради.

Од овие причини сметам дека треба да го поддржиме Предлогот за донесување на овој закон и јас ќе гласам за него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, јас сакам само на две работи да предложам, ако би можело да се внесе во законот.

Првата работа е кога би можело на некој начин Министерството за сообраќај најмалку еднаш на четири години да изврши комплет- на тотална ревизија на употребата на патиштата што ги имаме во Република Македонија. Тоа е првото.

Второто во врска со прибирање на приходите на Фондот за патишта од каде би биле и како и еден предлог би имал наплатните станици кои постојат на кратки километри, а имаме повеќе, па дали може да се размисли домашните корисници на патиштата да уплатуваат при регистрацијата на возилата, некој ќе каже моето возило не сообраќај по тој пат, тој пат е направен, нека сообраќа. Ако не го користи нека го користи, стои на располагање, секој кој има возило да плати.

За странците кои доаѓаат од странство овие трошоци да ги наплатуваат на границата при влегувањето. Дали од ден треба да ги

плаќаат или при секое влегување во Република Македонија треба да ги платат овие давачки. Со тоа ќе се соберат средства многу порано со неколку месеци и повеќе средства ќе се приберат за доградување и изградување на други нови патишта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Пред да гласаме да се изброиме.

Молам да се утврди точен број на присутни пратеници.

Во салата има 53 пратеници.

Молам, службите да приберат пратеници да може да се гласа.

Еве давам пет минути да се соберат, ако не се соберат ја прекинувам седницата.

Да утврдиме точен број, бидејќи некои влегоа. Во салата има 64 пратеника и можеме да продолжиме со работа.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Пред- логот за донесување на закон за јавни патишта.

2. Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, забелешките на пратеникот Џеладин Мурати, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, забелешките на пратениците, на пратеникот Џеладин Мурати, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за сообраќај и врски.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака. (63)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на **8-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за целите и задачите на монетарно-кредитната политика во 1995 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (63).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за целите и задачите на монетарно - кредитната политика за 1995 година.

Преминуваме на **9-та точка** од дневниот ред - Предлог за разрешување на претседателот на Општинскиот суд во Охрид.

Предлогот на Републичкиот судски совет ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (59) .

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника) .

Констатирам дека Јордан Пљаковски е разрешен од функцијата претседател на Општинскиот суд во Охрид, по негово барање.

Преминуваме на **<u>10-та точка</u>** од дневниот ред - <u>Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Ростуше" - с.Ростуше.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност....

Само ве молам пред да констатирам мораме да бидеме сигурни, бидејќи само 56 пратеници гласале, да видиме колку има внатре во салата.

Во салата има 64 пратеници, значи некој не гласал.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Ростуше" - с.Ростуше.

Преминуваме на **11-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Геронтолошки завод "13 Ноември" - Скопје.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (62).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за даваше согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Геронтолошки завод "13 Ноември" - Скопје.

Преминуваме на **12-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за даваше согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар - Охрид.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (61) .

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

XI/7.-

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар - Охрид.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Молам, одморите и екскурзиите да ги почнеме откако ќе ја завршиме идната седница, бидејќи е многу значајна, затоа ги молам пратениците сите свои планови за Нова година да ги подредат на оваа потреба на Собранието.

(Седницата заврши со работа во 16,30 часот).